ООУ „ Св.Климент Охридски“ Македонски Брод е општинско основно училиште кое се финансира со средства добиени од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Финансирањето на платите за вработените е преку блок дотации и наменски дотации утврдени согласно методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите и Уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Основниот критериум за распределба на висината на блок дотациите и наменските дотации е според бројот на ученици во основните училишта на своето подрачје. Средствата за плати и надоместоци за вработените се на сметката 903 - блок дотации. Исто така училиштето има и своја сопствена сметка 787 на која прилив на средства има од кирии од издавање на простор во училиштето и издавање на спортската сала, тениското и кошаркарското игралиште во делот на училиштето.

За комплетното финансиско работење училиштето поднесува извештај до основачот најдоцна до 28 февруари преку пишани документи, а исто така и јавно ги истакнува на својата веб страна. Редовно секоја година нашето училиште склучува договори со осигурителни компании за осигурување за одговорност од непогоди и несреќи.

Во однос на материјално-финансиското работење на нашето училиште се спроведуваат постапки кои се во согласност со законските норми. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на редовни состаноци на Совет на родители, Наставнички совет и Училишен одбор. Одговорните лица преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасности правичност во распределувањето на финансиските средства, а финансиските средства се распределуваат според потребите и приоритетите во училиштето. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Во оваа учебна година акцент ќе биде ставен на подобрување на условите за одвивање на наставниот процес во првите два воспитно образовни периоди од прво до шесто одделение каде што се работи по новата концепција во основното образование а особено ќе се обрне во седмо одделение во кое оваа учебна година се стартува со новата програма. Направени се неопходните подготовки за кабинетска настава и оваа учебна година ќе се отпочне со изведување на кабинетска настава а исто така ќе се обрне внимание на осовременување и реновирање на канцелариските простории.

## 5. Мисија и визија

Со развојната програма на училиштето за периодот 2024-2028година утврдени се визијата и мисијата на училиштето. Нашето училиште ги поттикнува учениците да стекнуваат знаења, формираат ставови и развиваат вештини кои ќе им овозожуваат брзо и лесно прилагодување кон новите предизвици, како во животот, така и во идната професија.

Исто така учениците ги мотивираме и насочуваме да практикуваат толеранција и емпатија, како меѓу поединците, така и меѓуетничките, социјалните, културните и религиските групи; ги подготвуваме за активно учество во општествениот живот и за креативни решенија на проблемите со кои ќе се соочат.

***<u>МОТО : КВАЛИТЕТНА НАСТАВА – ПАТ КОН ИДНИНАТА</u>***

***МИСИЈА***

***Современа и квалитетна настава која го поттикнува индивидуалниот развој, креативноста, еколошката свест кај учениците. Создава здрава училишна клима, ја јакне довербата помеѓу учениците, наставниците и родителите.***

Визијата на училиштето претставува проекција на иднината, посакувана слика на училиштето кон која тоа се стреми.

***ВИЗИЈА***

***Училиште каде се развиваат индивидуалните и колективните способности на сите субјекти.***

## 6. Веќе научено/стекнати искуства

Современите текови и промени во сите сфери на живеење предизвикаа промени во образованието. Традиционалната настава одамна и го отстапи местото на современата, а наставникот од авторитарен тип на раководител стана демократски тип,планер и активен истражувач, додека пак ученикот од пасивен слушател се промени во активен слушател во реализација на наставата. Во нашето училиште се почуствуваа овие образовни промени. Во училиштето во континуитет се врши унапредување, како во организацијата и реализацијата на наставата, така и во училишната клима, со подобрување на материјално техничките услови. Училиштето стана подвижно-динамично, кое успешно се адаптира на секоја честа и брза промена во опкружувањето, далечинското учење, кабинетската настава и позитивните промени во наставно образовниот процес.

Во својата воспитно образовна работа и постигањата на училиштето постојано се користат искуствата и поуките од работата во изминатите учебни години и анализата на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Оваа година се одржуваа обуките за професионален и кариерен развој на наставниците по новата концепција во основното образование организирани од БРО. За сите наставници кои ќе изведуваат настава во седмо одделение беше организирана обука по сите наставни предмети. Училиштето во учебната година што измина продолжи активно да биде вклучено во рамките на ЕРАЗМУС + проектите. Во учебната година што измина училиштето продолжи со реализација на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ каде се реализираа голем дел од активностите а остана и дел кој ќе се реализира и оваа учебна година со што истиот ќе заврши.

Оваа учебна година ќе се продолжи со обука на наставниците на сите полиња и со таквите обуки наставниците ќе се надоградуваат во полето за работа со ученици со посебни потреби, во полето за оценување како формативното така и сумативното оценување ( и кај ученици со ПОП), на полето на врсничко насилство, булинг и мобинг, како и на полето на размената на искуствата на наставниците околу усовршување на ИКТ во наставата, отворените часови, обуки за разрешување на конфликти, справување со врсничко и кибер насилство обуки за постигнување на повисоки резултати на меѓународни тестирања. и сл.

Во текот на оваа учебна година сите тимови во училиштето ќе обезбедат директна или индиректна подршка на наставниците и стручните соработници во однос на професионалниот развој на наставниците. Тимот за подобрување на ИКТ вештините ќе бидат подршка на наставниците за примена на е-алатки.

Во училиштето и натаму ќе се продолжи со едукација на еколошкото образование и интегрирање на што повеќе еко содржини во наставните и воннаставните активности се со цел создавање на свест за чиста околина, здрав живот и здрави генерации.,

Исто така искуствата ни говорат дека како основни услови за успешно работење и остварување на квалитетна воспитно образовна дејност во училиштето со добра анализа и дијагноза, добро планирање, навременост во реализацијата, обезбедени услови и материјали, споделени и детерминирани

одговорности, транспарентност и соработка, следење и мониторинг, позитивна клима, документирање и афирмирање на постигањата.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

ООУ„Св.Климент Охридски“ Македонски Брод врз основа на своето развојно планирање (2024-2028), Нацрт извештајот од интегралната евалуација од страна на ДПИ од 05.06.2024година, извршената самоевалуација на училиштето за периодот 2022-2024 година, годишниот извештај за реализација наа годишната програма за учебната 2024/2025 година ги утврди следниве приоритети и подрачја на промени:

1. Набавување на нагледни средства и дидактички помагала за квалитетно изведување на наставата и потрошен материјал .
2. Професионален развој - Одржување на семинари и обуки на раководдниот кадар, стручната служба и наставниот кадар во насока на подобрување на работата со учениците.
3. Подобрување на условите за работа

   -Реконструкција на подрумските простории во стариот дел на училиштето и изградба на кабинети по музичко и ликовно образование и изградба на мултимедијална просторија која ќе се користи за одбележување на позначајни настани и одржување на состаноци и ,

   - Изградба на стаклена градина по предметите Природни науки и Биологија
4. Подобрување на постигнувањата на учениците.
5. Вклучување и реализација на проекти – Еразмус + и други.
6. Комуникации и односи со јавноста, соработка со родители и локална заедница.

| **Приоритетно подрачје на промени** | 1.НАБАВУВАЊЕ НА НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА И ДИДАКТИЧКИ ПОМАГАЛА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА И ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ |
|---|---|

**Цели** *:* Според извештајот од ДПИ при извршена интегрална евалуација увидовме дека наша слаба страна е недоволната снабденост на нагледни дидактички помагала. Токму затоа и во оваа учебна година планирано е продолжување со постапно збогатување на училиштето со дидактичко - наставни помагала во одделенска и предметна настава пред се со набавка на електронски уреди.

**Очекувани исходи** : Значително подобрување на квалитетот на наставата со што ќе се подобри училишната клима во училиштето, мотивација на наставниот кадар и учениците за активно вклучување во активностите на училиштето

**Задачи** Подобрување на квалитетот на наставата и зголемување на успехот на учениците

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активности те** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализа-цијата на** |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување на план, обезбедување | Подобрува ње на успехот на | Директорот | почеток на септември - прво | Лице за јавни набавки, одговорн | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на финансиски средства, спроведување на јавна набавка, | учениците | и тимот задолжен за реализација на активноста | полугодие | о лице, средства одобрен и со финанси ски план за 2024 и 2025 година | **актив-ностите :** директор, одговорн о лице од тимот |
| **Приоритетно подрачје на промени** | 2.ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ СТРУЧНА СЛУЖБА И РАКОВОДНИОТ КАДАР - ОДРЖУВАЊЕ НА СЕМИНАРИ И ОБУКИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ВО НАСОКА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТАТА СО УЧЕНИЦИТЕ | | | | |
| **Цели** Со цел создавање на современо инклузивно образование како и надградба на наставата и учењето на сите ученици, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето, потребно е зајакнување на компетенциите на раководниот и наставниот кадар.<br>**Очекувани исходи** : Значително подобрување на квалитетот на наставата со што ќе се подобри училишната клима во училиштето, зајакнување и надоградба на инклузивните компетенции на наставниот кадар.<br>**Задачи** Реализација на квалитетна настава | | | | | |
| **Активности** Изготвување на план, обезбедување на финансиски средства, Следење, десеминација на обуки и практична примена | **Индика-тори за успех** Реализација на современо инклузивно образование | **Носители на активности те** Директорот, пом директорот и стручните соработници | **Временска рамка за имплементација** Преку целата учебна година | **Ресурси** Прирачници за личен развој. Програма за професинален и личен развој. за 2024/ 2025 година. | **Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите** : Лице за јавни набавки, одговорно лице, средства одобрени со финансиски план |
| **Приоритетно подрачје на промени** | 3.1 ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА СО реконструкција на подрумските простории изградба на современи кабинети по музичко и ликовно образование и изградба на мултимедијална сала за одбележување на позначајни настани и одржување на состаноци и конференции. | | | | |
| **Цели**: Во училиштето наставата се одвива во една смена но има просторни потешкотии во однос на обезбедување на кабинети по сите предмети за таа цел се планира реновирање и реконструкција на подрумските простории кои се користеле како училници и пренамена на истите во два кабинети еден по музичко а другиот по ликовно образование а поголемиот дел од просторот<br>да се пренамени во голема мултимедијална просторија во која ќе се одбележуваат | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| позначајни настани а исто така ќе се користи за одржување на состаноци и конференции бидејќи наставничката канцеларија е мала за одржување на состаноци.<br>**Очекувани исходи**: Подобрени услови за изведување на настава по музичко и ликовно образование и место каде што учениците ќе ги прикажуваат активностите од слободните ученички активности .<br>**Задачи** Решавање на просторниот проблем во училиштето со тоа што ќе има уште два современи кабинети и голема просторија за разни активности на учениците и вработените. | | | | | |
| **Активности**<br><br>Преговарање со локалната самоуправа,о безбедување на финансиски средства,изготвување на план за реализација | **Индика-тори за успех**<br>Подобрување на условите за работа | **Носители на активности те**<br>Директорот, комисија за јавни набавки | **Временска рамка за имплементација**<br>Преку целата учебна година | **Ресурси**<br><br>Лице за јавни набавки, одговорно лице, средства одобрени и со финансиски план за 2025/2026 година | **Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите** :<br><br>Директор, одговорно лице од тимот |
| **Приоритетно подрачје на промени** | 3.2 ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА СО ИЗГРАДБА НА СТАКЛЕНА ГРАДИНА | | | | |
| **Цели** Изградба на стаклена градина е потребна по наставните предмети Природни науки и Биологија со цел учениците стекнатите знаења практично да ги применуваат преку одгледување на растенијата а исто така во стаклената градина во соработка со општината ќе се одгледува и расад за цвеќиња кои ќе се расадуваат по парковите.<br>**Очекувани исходи** : Практична примена на стекнатите знаења<br><br>**Задачи** Поврзување на теоретските знаења со практиката | | | | | |
| **Активности**<br><br>Изработка на проект и обезбедување на финансиски средства | **Индика-тори за успех**<br><br>Подобрени услови за работа по Биологија и Природни науки | **Носители на активности те**<br><br>Директорот, комисија за јавни набавки | **Временска рамка за имплементација**<br>Во текот на учебната година | **Ресурси**<br>Лице за јавни набавки, одговорно лице, средства одобрени од финасиските планови и барање на инвеститори | **Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите** :<br>Директорот и тим за реализација наа проектот |
| | | | | | |

| **Приоритетно подрачје на промени** | 4. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели** Потребата од постојаното инвестирање во знаењата на учениците во корелација со современото образование, односно планирање и организација на различни видови на настава : за ученици со посебни потреби, талентирани и надарени и вонннаставни активности.<br><br>**Очекувани исходи** Значително подобрување на квалитетот на наставата:<br><br>**Задачи**. Примена на индивидуализирана и различни видови на настава.Поголема вклученост и учевство на учениците во изготвување на програми за вонннаставни активности. Ученички иницијативи. Промени во работата на стручните активи.. | | | | | |
| **Активности** Анализа на придобивките. Изработка на програми и планови за работа со ученици со посебни образовни потреби, програма за работа на талентирани и надарени ученици. Тим за подршка на ученици кои со потешкотии напредуваат во учењето. Изготвување на програма за работа на училишен инклузивен тим. Изготвување и реализација на програма за работа на стручни активи. Согледување на резултатите. | **Индика-тори за успех** Подобрување на успехот на учениците. Интерактив на настава. Развој на критичко размислување кај учениците | **Носители на активностите** Директор, училишен инклузивен тим, тим за талентирани и надарени ученици, претседатели на стручни активи | **Временска рамка за имплементација** Во тековната година | **Ресурси**: Записници од одделенски совети. Инструменти за процена. ИОП. Програми за работа на талентирани и надарени ученици. Записници од одржани состаноци на стручни активи | **Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите** : Директор, училишен инклузивен тим, тим за талентирани и надарени ученици, претседатели на стручни активи. |

<table>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Приоритетно подрачје на промени</td><td colspan="5">5,ВКЛУЧУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШНИ ПРОЕКТИ – ЛОКАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ</td></tr>
<tr><td colspan="6">Цели Училиштето ја увиде потребата од подготвеност на раководството, стручнта служба и наставниците во вклучување и реализација во проекти. Односно искувството и можноста за учество во проекти, локални и меѓународни даде исклучителни позитивни ефективи во подобрување на квалитето на работата на училиштето.<br>Очекувани исходи : Аплицирање и учество на меѓународни проекти како ЕРАЗМУС +, други меѓународни, државни и регионални проекти.<br><br>Задачи Значително подобрување на квалитетот на наставата со што ќе се подобри училишната клима во училиштето, мотивација на наставниот кадар и учениците за активно вклучување во активностите на училиштето. Тимска работа. Професионално усовршување во изработка на проекти.</td></tr>
<tr><td>Активности<br><br>Реализација на проекти отворање на училиштето кон нови демокртски и европски перспективи.</td><td>Индика-тори за успех<br>Анализите и искуствата од претходната година. Едукација на наставниот кадар за спроведување на проектите во наставата. Следење, аплицирање и релизирање на тековни проекти.</td><td>Носители на активности те<br>Директорот и водачот на тимот</td><td>Временска рамка за имплементација<br>Во тековната година</td><td>Ресурси . :<br>Кординатор за изготвување на Еразмус проекти. Извештаи од спроведени обуки, Потребни и работни материјали</td><td>Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите :<br>Директорот и раководителот на тимот</td></tr>
<tr><td>Приоритетно подрачје на промени</td><td colspan="5">6.КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА</td></tr>
<tr><td colspan="6">Цели:Комуникациските односи со јавноста, начинот на вклучување на родителите во училиштето и локалната заедница може да го предвиди и навести успехот на училиштето. Според досегашното искуство, зајакнувањето на овие врски, придонесува да ги видиме родителите како субјекти е да ги вклучиме во заедничкото донесување одлуки поврзани со учењето, развојот и социјалниот живот на децата во училницата.<br><br>Очекувани исходи : Да се унапреди и продлабочи комуникацијата со родителите и</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| локалната средина. Да се зачести комуникацијата на училиштето со јавноста. Потпишување на меморандум за соработка со правни субјекти од локалната и бизнис заедницата, невладините организации и сл.<br><br>**Задачи** Преку успешна комуникација да создадеме современо училиште во кое учениците со задоволство ќе идат и ќе стекнуваат знаења од сите области. | | | | | |
| **Активности** Анализите и искуствата од претходната година. Организирање на отворени часови. Организирање на работилници и практична настава вклучувајќи ги родителите и заедницата. | **Индика-тори за успех** Подобрени коминикациски односи со јавноста и зголемена соработката со родителите и локалната заедница | **Носители на активностите** Директор и одговорното лице на тимот | **Временска рамка за имплементација** Во тековната година | **Ресурси:** Изготвување на план, Тим од наставници, училишни комисии, Записници од реализирани досегашни активности, Записници од состаноци, извештаи за реализирани активности | **Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите:** Директорот и водачот на тимот |

### 7.1. План за евалуација на акциските планови

Целта на нашето училиште е успешна реализирација на акциските планови, додека критериумот за успех ни се здрави и задоволни ученици кои напредуваат според своите можности и способности. Потоа, родители кои се навремено информирани за здравствените потреби и контроли на нивните деца, како и и целокупниот воспитно образовен процес и воспоставена соработка на високо ниво.

Наставници кои постојано се надоградуваат со знаења и се подготвени за современа и квалитетна настава. Навремено планирање и организирање на наставата и воннаставните активности.

Интеграција со локалната заедница, вклучување во акции за подобрување на животната средина.

Инструменти:

Во зависност од акциониот план ќе се користат најразлични инструменти за следење на реализација на истите. Ќе се користат скали на проценка и прашалници за да се откријат потребите на учениците.

-Набљудување на работата на наставниците;

-Увид во педагошката евиденција записници од родителски средби, одделенски совет, стручен актив, совет на родители, училишен одбор;

-Наставни планови и програми;

- Промоција на активностите во училиштето преку медиумите. Снимен материјал од дадени активности. Изработка на постери, флаери, проекти, презентации, реферати;

Индикатор за успешност:

Како индикатор за успешност во однос на постигањата на учениците ќе се користат годишните извештаи (просекот на оценките е покачен, се намалува

бројот на слаби оценки, зголемена соработка со родителите, зголемен е бројот на различни видови стратегии ).
Одговорен за следење:
Директно: Директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители.
Индиректно: БРО, МОН, Државен просветен инспекторат, ЦСР, Локална самоуправа.
Повратна информација:
Годишниот извештај за работата на училиштето дава повратна информација за постигањата, поуки за подобрување на успехот, мотивацијата, вреднувањето на напредокот на учениците и наставниците.

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Според календарот за организација и работа на Основните училишта во учебната 2025/2026 година изготвен од страна на Министерството за образование и наука бр.12-9053/3 од 11.07.2025г.(Службен весник бр.142 од 15.07.2025г) учебната година во училиштето започнува на 01.09.2025 година, а завршува на 31.08.2026 година. Наставната година започнува на 01.09.2025 година, а завршува на 10.06.2026 година.Првото полугодие започнува на 1.9.2025 а завршува на 30.12.2025г. Второтополугодие започнува на 20.1.2026 и завршува на 10.6.2026година. Од 11.6.2026 до 19.6.2026г. се организираат дополнителна настава,поправни испити и одделенски испити , а од 17.8 до 21.8.2026година се организираат подготвителна настава,консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

КАЛЕНДАР ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА
ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА КАЛЕНДАРОТ ЗА РАБОТА НА ООУ„Св.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

| 2025 | ПРВО ПОЛУГОДИЕ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работни денови | СЕПТЕМВРИ | | | | | | ОКТОМВРИ | | | | | | |
| Понеделник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | | 6 | 13 | 20 | 27 | 8 | |
| Вторник | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | | 7 | 14 | 21 | 28 | 9 | |
| Среда | 3 | 10 | 17 | 24 | | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 9 | |
| Четврток | 4 | 11 | 18 | 25 | | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 8 | |
| Петок | 5 | 12 | 19 | 26 | | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 9 | |
| | 21 | | | | | | 22 | | | | | 43 | |
| | НОЕМВРИ | | | | | | ДЕКЕМВРИ | | | | | | |
| Понеделник | 3 | 10 | 17 | 24 | | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 8 | 8+8=16п |
| Вторник | 4 | 11 | 18 | 25 | | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 9 | 9+9=18в |
| Среда | 5 | 12 | 19 | 26 | | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 8 | 9+8=17с |
| Четврток | 6 | 13 | 20 | 27 | | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 8 | 8+8=16ч |
| Петок | 7 | 14 | 21 | 28 | | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 8 | 9+8=17п |
| | 20 | | | | | | 21 | | | | | 41/ | 43+41=84 |

| 2026 | ВТОРО ПОЛУГОДИЕ | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЈАНУАРИ | | | ФЕВРУАРИ | | | | | МАРТ | | | | | |
| Понеделник | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 10п |
| Вторник | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 11в |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среда | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 10с |
| Четврток | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 10ч |
| Петок | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 9п |
| | 9 | | | 20 | | | | | 22 | | | | | 50 |

| | АПРИЛ | | | | | МАЈ | | | | | ЈУНИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 8 10+8=18п |
| Вторник | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 10 11+10=21в |
| Среда | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 11 10+11=21с |
| Четврток | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 10 10+10=20ч |
| Петок | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 9 7+9=16п |
| | 20 | | | | | 18 | | | | | | | 8 | 46 96 |

| | |
|---|---|
| понеделници | 34 |
| вторници | 39 |
| среди | 38 |
| четвртоци | 36 |
| петоци | 33 |
| вкупно | 180 |

8 Септемвти(Пон.)-Ден на независноста на РМ
11 Октомври(Сабота)-Ден на народното востание
23 Октомври(Четврток)-Ден на револуц борба
8 Декември (Понед.) – „Св.Климент Охридски“
20 Март(Недела) Рамазан Бајрам прв ден
13Април(Велигден) 1 Мај (Петок) Ден на трудот
24 Мај (Недела ) Св. Кирил и Методиј

10 Април(Петок) Велики петок, 29Мај(Петок) – Дуов петок

Предвидени се датумите за одбележување на празниците, а во чест на овие денови училиштето од своја страна ќе организира културни, спортски и други манифестации со што ќе даде свој придонес во одбележувањето на истите.

5 Декември – ден на училиштето - Наставен ден кога се реализира посебна програма за одбележување на 8 ДЕКЕМВРИ -патрониот празник на училиштето

## 8.2 Еколошки календар

Во текот на учебната година училиштето ќе ги одбележи следниве позначајни **настани од еколошкиот календар**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 Септември | Светски ден за заш. на озонската обвивка | 23 Март | Светски ден за заштеда на водите - 22.Март |
| 22 Септември | Меѓународен ден без автомобили | 7 Април | Светски ден на здравјето |
| 2 Октомври | Ден на акција на еко-училиштата | 10 Април | Ден на акција на еко-училиштата |
| 8 Октомври | Меѓ.ден за намалу. на униш. на при. | 22 Април | Светски ден на планетата |
| 15 Октомври | Меѓународен ден на пешаците | 15 Мај | Светски ден за заштита на климата |
| 16 Октомври | Меѓународен ден на храната | 1 Јуни | Светски ден против пушењето -31Мај |
| 5 Март | Светски ден за заштеда на енергија | 5 Јуни | Свет. ден за заштита на животната средина |
| 20 Март | Ден на екологијата -21Март | | |
| Ден на дрвото – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија, Генералка викенд – нулта отпад -ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија. | | | |

**8.3. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Наставен предмет | Бр. на Час. | Место | Одд. Рак. | Вкуп но часо |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Нада Јаќимоска | Одделенска настава | 20 | Мак Брод | I/1 | 21 |
| 2. | | Одделенска настава | 20 | Мак. Брод | I/2 | 21 |
| 3. | Елизабета Темелкоска | Одделенска настава | 20 | Мак. Брод | II/1 | 21 |
| 4. | Маријана Ристеска | Одделенска настава | 20 | Мак. Брод | II/2 | 21 |
| 5. | Валентина Ѓуроска | Одделенска настава | 20 | Мак. Брод | III/1 | 21 |
| 6. | Дијана М Ристеска | Одделенска настава | 20 | Мак.Брод | III/2 | 21 |
| 7. | Николина К Дејаноска | Одделенска настава | 20 | Мак.Брод | III/3 | 21 |
| 8. | Елена Новеска | Одделенска настава | 23 | Мак.Брод | IV/1 | 24 |
| 9. | Драгана Златеска | Одделенска настава | 23 | Мак. Брод | IV/2 | 24 |
| 10 | Александар Станкоски | Одделенска настава | 23 | Мак. Брод | IV/3 | 24 |
| 11 | Јасмина Јованова | Одделенска настава | 21 | Мак. Брод | V/1 | 21 |
| 12 | Даниел Кузманоски | Одделенска настава | 23 | Мак.Брод | V/2 | 23 |
| 13 | Александра Кофилоска | Одделенска настава | 23 | Мак.Брод | V/3 | 23 |
| 14 | Ангела У Новеска | Одделенска настава | 40 | Мак.Брод | Про. Пре. | 40 |
| 15 | Зоран Стојаноски | Одделенска настава | 21 | ППУСувидол | I,II,III,IV,V | 21 |
| 16 | Лидија Андова | Одд.нас. | 23 | ППУТребино | I и IV | 23 |
| 17 | Станка Н Трпеска | Одделенска настава | 23 | ПУМанастирец | I,II,III V | 23 |
| 18 | Гордана Блажеска | Одделенска настава | 23 | ПУ Самоков | II и IV | 23 |
| 19 | Маријана Трпеска | Одделенска настава | 21 | ПУСамоков | I,III и V. | 21 |
| 20 | Маја Б Тренкоска | Одделенска настава | 24 | | | |
| 21 | Жарко Блажески | Одделенска настава | 24 | ППУ Косово | II и IV | 24 |
| 22 | Јасмина Кузманоска | Одделенска настава | 24 | ПУ Брест | V | 24 |
| 23 | Васе Силјаноски | Библиотекар | 40 | Мак.Брод | | 40 |
| 24 | Мартина Ф Крстеска | Македонски јазик VI,VII,VIII/2, | 20 | Мак. Брод | | 20 |
| 25 | Михаела Батанџиовска | Македонски јазик VIII/1, IX<br>VII, VIII-IX | 12<br>8 | Мак. Брод<br>Манастирец | | 20 |
| 26 | Христина Трпческа | Македонски јазик VI,VII,VIII, IX<br>Библиотека | 16<br>10 | ПУ Самоков | | 21 |
| 27 | Ирена Кулеска | Англиски јазик VI/1,VII,VIII , IX | 21 | Мак. Брод | VIII/1 | 22 |
| 28 | Наташа Стојкоска | Англиски ј II,III,V,VI-2 | 21 | Мак. Брод | VII/2 | 22 |
| 29 | Наташа Когој | Англискијазик II, V<br>II-III-IV-V;VI,VIII-IX; | 13<br>9 | Мак.Брод<br>Манастирец | VI | 23 |
| 30 | Мирјана Силјаноска | Англиски I-III-V,II-IV, VI,VII,VIII,IX<br>Анг.Требино IIиIV | 18<br>3 | Самоков<br>Требино | VIII | 22 |
| 31 | Гордана Трајаноска | Француски јазик VI,VII,VIII,IX<br>VII, VIII-IX | 16<br>4 | Мак.Брод<br>Манастирец | VIII/2 | 21 |
| 32 | Соња Спироска | Француски јазик VI, VII, VIII , IX<br>Англиски јазик V | 8<br>3 | Самоков<br>Самоков | | 20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Англиски ј. IV<br>Англиски ј. I,III,V<br>Англиски јI,II,III,IV,V | 3<br>3<br>3 | Брест<br>Косово<br>Суви дол | Комб<br>Комб<br>Комб | |
| 33 | Ники Видеска | Математика VI VIII<br>Физика VIII/1<br>Физика | 18<br>2 | Мак.Брод | | 22 |
| 34 | Јасмина Батанџиоска | Математика VII,IX<br>Физика IX | 16<br>4 | Мак. Брод<br>Мак.Брод | VII/1 | 21 |
| 35 | Елизабета Милошеска | МатематикVI,VIII-IX<br>Физика VIII-IX<br>Физика VIII/2<br>Раководител Ман. | 9<br>2<br>2 | Манастирец<br>Манастирец<br>Брод | VIII | 11 |
| 36 | | Математика VI, VII, VIII, IX<br>Физика VII,VIII, IX | 17<br>5 | Самоков<br>Самоков | VIII | 22 |
| 37 | Жарко Б Блажески | Ликовно<br>VI,VII,VIII,IX<br>VI,VII,VIII,IX<br>VI, VIII-IX<br>Проекти од Лик. уметност IX<br>Проекти од Лик. уметност IX<br>Иновации IX<br>Иновациии IX | 8<br>4<br>2<br>2<br>2<br>1<br>1 | Мак.Брод<br>Самоков<br>Манастирец<br>Манастирец<br>Самоков<br>Самоков<br>Манастирец<br>Манастирец | | 20 |
| 38 | Златко Ристески | Музичко образ.<br>VI,VII,VIII,IX<br>VI,VII,VIII,IX VI-VII,<br>VI и VIII-IX<br>Хор<br>Оркестар | 8<br>4<br>2<br>3<br>3 | Мак. Брод<br>Самоков<br>Манастирец<br>М.Брод<br>М.Брод | VI/1 | 21 |
| 39 | Сашо Андов | Тех.о.иинформ V<br>Тех.о.иинформ V<br>Тех.о.иинформ V<br>Тех.о.иинформ V<br>Тех.о.иинформ V<br>Тех.о.иинформ VI<br>Моделарство VI<br>Моделарство VI<br>Мод.кре.идеи направи сам СИПIV | 6<br>2<br>2<br>2<br>2<br>2<br>2<br>1<br>3 | М.Брод<br>Самоков<br>Брест<br>Сувидол<br>Манастирец<br>Манастирец<br>М.Брод<br>Самоков<br>М Брод | | 22 |
| 40 | Сара Радевска | Тех.о. и информ. VI<br>Тех.о.и информ. VII<br>Тех.о. и информ. VI<br>Тех.о.и информ. VII<br>Пр.од информа. IX<br>Техничка подршка | 4<br>4<br>2<br>2<br>4<br>6 | Мак.Брод<br>Мак.Брод<br>Самоков<br>Самоков<br>Мак. Брод<br>М.Брод | | 22 |
| 41 | Коце Богданоски | Историја VII VIII.IX<br>Историја и општ.VI<br>М ист и го<br>Г.образовани VIII,IX | 12<br>4<br>4 | М.Брод | | 20 |
| 42 | Горан Ѓуроски | ГеографијаVII,VIII,IX<br>Историја и опш.VI<br>М географија<br>ГеографијVII,VIII,IX | 12<br>2<br>6 | М.Брод<br>М.Брод<br>Самоков | VII | 22 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Историја и опш.<br>М.географија VI | 1 | Самоков | | |
| 43 | Драган Настески | Историја VII,VIII,IX<br>Ис.и оп. VI М Ис ГО<br>Граѓ. О.VII,VIII,IX<br>СИП VIII<br>СИП V<br>СИП VI<br>СИП VII<br>СИП VIII | 6<br>2<br>3<br>1<br>3<br>2<br>2<br>2 | Самоков<br>Самоков<br>Самоков<br>Самоков<br>М.Брод<br>Брод<br>Брод<br>Брод | | 21 |
| 44 | Сребре Алексоски | Историја ,VIII-IX<br>Географија VIII-IX<br>Граѓанско о VIII-IX<br>Граѓанско VII<br>СИП V<br>СИП VI<br>Иновации IX<br>СИП VII<br>СИП VIII<br>Природни науки VI<br>Природни наукиV | 2<br>2<br>1<br>2<br>1<br>1<br>2<br>2<br>2<br>3<br>2 | Манастирец<br>Манастирец<br>Манастирец<br>М. Брод<br>Манастирец<br>Манастирец<br>М.Брод<br>М.Брод<br>М.Брод<br>М.Брод<br>Манастирец | | 20 |
| 45 | Јасна Н Радеска | Биологија VII,VIII,IX<br>Природни науки VI<br>Биологија VIII-IX<br>Природни наукиVI | 12<br>3<br>2<br>3 | М.Брод<br>М.Брод<br>Манастирец<br>Манастирец | IX/2 | 21 |
| 46 | Мирјана Јандреска | Хемија VII,VIII,IX<br>Хемија VII, VIII, IX<br>Хемија VIII-IX<br>БиологијаVII,VIII, IX | 10<br>5<br>2<br>6 | Мак.Брод<br>Самоков<br>Манастирец<br>Самоков | | 23 |
| 47 | Јанинка Г Костадиноска | Природни н. V,VI<br>Природни н V<br>Природни н V<br>СИП IV, V | 5<br>2<br>2<br>2 | Самоков<br>Брест<br>Сувидол<br>Сувидол | | 11 |
| 48 | Рената Т Кузманоска | Раководител на ПУ<br>Библиотека<br>СИП VIII<br>СИП VI<br>СИП VII | <br>5<br>1<br>2<br>2 | Самоков | | 40 |
| 49 | Јовица Блажески | Физ.и здр.обр.II, IX<br>II,III,IV,V; VI, VIII-IX | 12<br>9 | М.Брод<br>Манастирец | IX/1 | 22 |
| 50 | Марјан Стојаноски | Физ.и здр.обр. I,IV VI, | 21 | М.Брод | | 21 |
| 51 | Мартин Батанџиоски | Физ.и здр. обр V,VII,VIII | 21 | М.Брод | | 21 |
| 52 | Марјан Силјаноски | ФЗО I-III-V,II-IV ; VI,VII; VIII,IX | 18? | Самоков | | 21 |
| 53 | Јована Блажеска | ФЗО III | 9 | М.Брод | | 9 |
| 54 | Гоце Стојановски | Воспитувач<br>СИП VIII<br>СИП VII<br>Библиотека | <br>2<br>2<br>3 | Манастирец | | 40 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 55 | Горан Димоски | Воспитувач<br>СИП VI<br>Библиотека<br>Кујна | <br>1<br>2<br>2 | Манастирец | | 40 |
| 56 | Светлана Танеска | Помошник директор<br>Природни науки V | <br><br>6 | <br><br>Брод<br>Брод | | 40 |
| 57 | | | | | | |
| 58 | | | | | | |
| 59 | | | | | | |
| 60 | | | | | | |

8.4. Работа во смени

Училштето ќе работи во една смена. Часовите ќе започнуваат во 8.00 часот. Сите видови на распореди ќе бидат во прилог на програмата.

8.5. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 35 | | | | |
| **Број на ученици** | 388 | | | | |
| **Број на наставници** | 56 | | | | |

8.6. Проширена програма

Во согласност со член 40 од Законот за основно образование(Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019година), училиштето организира и реализира проширена програма. Истата се реализира преку посебна програма со која се планира организирано прифаќање и згрижување на учениците од прво,второ и трето одделение еден час пред и еден час по завршувањето на редовната настава од продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни и вонучилишни активности,односно организирање на секции клубови,екскурзии,натпревари, други активности кои училиштето ги организира надвор од наставната програма како и активности на ученичката организација.

Училиштето организира продолжен престој за учениците од прво до трето одделение по претходно барање од страна на родителите. Продолжниот престој за учениците ќе биде организиран во една паралелка а ќе го води Ангела У Новеска Педагог- наставник по одделенска настава. Точниот број на учениците во паралелката ќе се знае со отпочнувањето на учебната година по прибирањето на барањата и согласностите.

### 8.7. Комбинирани паралелки

Во составот на ООУ„Св.Климент Охридски“ Македонски Брод покрај централното училиште работат и шест подрачни училишта од кои две деветгодишни во селата Самоков и Манастирец и четири петгодишни училишта во селата Требино, Сувидол, Брест и Косово. Во овие училишта има 7 комбинирани паралелки, шест во одделенска настава со вкупно опфатени 40 ученици и една во предметна настава со вкупно 2 ученици:

| Број на паралелки | Подрачно училиште | Комбинација на одделенија | Број на ученици | Реализатори |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Манастирец | II,III,IV,V – 8у | II-3у 1ж III –3у2ж IV1у ж V -1у м | Станка Н Трпеска Одд.нас Наташа Когој Англ.ј Сашо Андов ТО и инфор Јасна Н Радеска Прир.нау. Јовица Блажески – ФЗО |
| 1 | Манастирец | VIII IX – 2у | 1у VIII 2у IX | Михаела Батанџиовска Мак.јазик Наташа Когој Англ.јазик Гордана Трајаноска Фран.јаз. Елизабета Милошеска Мат.Ф Јасна Н Радеска Би.ПН,Мирјана Јандриеска Хемија Сребре Алексоски Ист.Гео. Јовица Блажески ФЗО, Златко Ристески Муз.обр.Гоце Стојановски, Горан Димоски |
| 1 | Самоков | I-III – V 7у | 3у –I 5у-III | Маја Б. Тренкоска Одд.нас. Мирјана Силјаноска Анг.јаз. Марјан Силјаноски ФЗО |
| 1 | Самоков | II-IV – 4у | 2у - II 2у -IV | Гордана Блажеска Одд.нас. Мирјана Силјаноска Анг.јаз. Јанинка Г Костадиноска ПН Сашо Андов ТО и инфор. Марјан Силјаноски ФЗО |
| 1 | Требино | I-IV-2 уч. | 1у - I 1у - IV | Лидија Андова Одд.нас. Мирјана Силјаноска Анг.јаз. |
| 1 | Сувидол | I,II,III,IV,V – 14у | 2у-I 3у-II 3у-III 4у-IV, 2у-V | Зоран Стојаноски Одд.нас. Соња Спироска Анг.јазик, Јанинка Г Костадиноска ПН, Сашо Андов ТО и ИНФ. |
| 1 | Косово | II-IV | 1у-II, 1у-IV | Жарко Блажески Одд.нас. Соња Спироска Анг.ј. |

### 8.8. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во ООУ„Св. Климент Охридски“ како задолжителен странски јазик за учениците од прво до деветто одделение се изучува Англиски јазик и тоа за учениците од прво до трето со по 2 часа неделно и за учениците од четврто до деветто одделение со по 3 часа неделно. Англиски јазик се изучува во 35 паралелки со вкупно 389 ученици.

Како втор странски јазик (изборен) се изучува Францускиот јазик со учениците од шесто до деветто оделение, застапен со два часа неделно. Францускиот јазик се изучува во 14 паралеки со вкупно 186 ученици.

### 8.9. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

| **Тандем наставници за реализација на наставата по Физичко и здравствено образование** | |
|---|---|
| Јовица Блажески | Елизабета Темелкоска II/1,Маријана Ристеска II/2 Станка Н Трпеска ,II,III,IVиV |
| Мартин Батанџиовски | Јасмина Јованова V/1,Даниел Кузманоски V/2, Александра Кофилоска V/3 |
| Марјан Стојаноски | Елена Новеска IV/1, Драгана Златеска IV/2,Александар Станкоски IV/3, Нада Јаќимоска I/1 одделение и I/2 одделение |
| Марјан Силјаноски | Маја Б Тренкоска , Марјана Трпеска I,III,V , Гордана Блажеска II-IV |
| Јована Блажески | Валентина Ѓуроска III/1, Дијана М Ристески III/2, Николина К Дејаноска III/3, |

### 8.10. Изборна настава

Во месец мај, 2025 година, се спроведе анкета во училиштето со која им се овозможи на родителите и учениците од IV – IX одделение да изберат и одлучат кои изборни предмети сакаат да ги изучуваат во учебната 2025/26 год. Родителите и учениците беа запознаени со содржините и наставните програми за слободните изборни предмети од IV-VIII одделение и изборните предмети од IX одделение од страна на наставниците кои ги реализираат .Изборната настава се реализира по наставни предмети предвидени со новиот Наставен план: од прво до осмо одделение и стариот наставен план за учениците од деветто одделение

| Изборни предмети | Одделение во кое ќе се изведуваат и наставник -реализатор |
|---|---|
| СИП | IV/1Елена Новеска IIполугодие |
| СИП Моделарство кре.идеи напр.сам | IV/1 Сашо Андов I полугодие |
| СИПМоделарство кре.идеи напр.сам | IV/2 Сашо Андов I полугодие |
| СИП | IV/2 Драгана Златеска II полугодие |
| СИП | IV/3 Александар Станкоски I Пол. |
| СИП Моделарство кре.идеи напр.сам | IV/3 Сашо Андов II Полугодие |
| СИП | V/3 Александра Кофилоска I пол. |
| СИП Заштита на животната средина | V/3 Драган Настески II полугодие |

| | |
|---|---|
| СИП | V/2 Даниел Кузманоски I полугодие |
| СИП Заштиита на животната средина | V/2 Драган Настески II полугодие |
| СИП Заштита на животната средина | V/1 Драган Настески I полугодие |
| СИП | V/1 Јасмина Јованова II полугодие |
| СИП | V ПУ Самоков |
| СИП | IV ПУ Самоков |
| СИП | V ППУ Косово,Брест,Сувидол, Требино |
| СИП Справување со пр.катастрофи | V ППУ Косово,Брест, Сувидол, Требино |
| СИПКлас. Култ. на евр. цивилизација, | VI/1одд Драган Настаски I пол. |
| СИП Моделарство | VI/1одд. Сашо Андов II полугодие |
| СИП Моделарство | VI/2одд. Сашо Андов I полугодие |
| СИП Клас.кул. на евр. цивилизација | VI/2одд. Драган Настаски II пол. |
| СИП Класична Култура ПУ Самоков | VI одд. Рената Т Кузманоска |
| СИП Зап. со религите ПУСамоков | VI одд. Драган Настески |
| СИП VII Самоков | VII одд Рената Т Кузманоска2часа |
| СИП VII М.Брод | VIIод. Драган Настески 2 часа |
| СИП VII М.Брод | VII одд Сребре Алексоски 2часа |
| СИП VIII М. Брод | VIIIодд. Сребре Алексоски 2 часа |
| СИП VIII М.Брод | VIII одд. Драган Настески 2 часа |
| СИП VIII Самоков | VIII одд Рената Т Кузманоска 1час |
| СИП VIII Самоков | VIII оддДраган Настески 1час |
| СИП VIII ман | VIII одд Сребре Алексоски 2часа |
| Проекти од информатика во Мак. Брод<br>Проекти од ликовна уметност ПУСамоков и Манастирец | IX одд Сара Радевска4 часа<br><br>IX одд Жарко Б Блажески 4часа |

Забелешка : *Според новата коцепција за основно образование, учениците во четврто, петто,шесто, седмо и осмо одделение треба да изучуваат по два изборни предмети во соодветната година, по еден во едно полугодие,па поради тоа се спроведе анкета со најмалку три понудени предмети од различни подрачја од кои учениците избраа во кој предмет сакаат да ги надополнуваат своите знаења*.

Во прилог на годишната програма се и анкетните листови од родителите.

### 8.11. Дополнителна настава

Во учебната 2025/26 година предвидено е да се реализира дополнителна настава со учениците од второ до деветто одделение кои се соочуваат со потешкотии во учењето, заостануваат или поспоро напредуваат во усвојувањето на содржините предвидени со наставниот план и програма во соодветното одделение. Дополнителната настава ќе се одвива во текот на целата година со најмалку еден час неделно во зависност од потребите на учениците – индивидуално, после завршување на часовите од редовната настава. Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и затоа ќе се применуваат пред се индивидуални форми на работа, работа во групи, а ќе се користи и фронтална работа со учениците од секоја од групите. За учениците со оцена недоволен (1) на крајот од учебната година исто така ќе се организира дополнителна настава по соодветниот предмет.

Секој месец ќе се изработува распоред за дополнителната настава и тој ќе биде истакнат на огласната табла во холот на училиштето и на Веб страната.

Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик

поединечно, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на слабиот успех како негативност.

Со новата концепција за основно образование дополнитената настава е вклучена во неделните планирања од редовната настава и се прилагодува според постигнувањата на учениците во периодот на реализација на редовните содржини.

Реализацијата на дополнителната настава се евидентира во одделенскиот електронски дневник и е дел од годишниот глобален план за секој наставник.

Распоредот за дополнителна настава по секој предмет ќе биде во прилог на годишната програма за работа.

### 8.12. Додатна настава

За учениците кај кои во текот на редовната настава се забележува постигнување на надпросечни резултати , пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети ќе се организира додатна настава. Истата ќе се изведува во текот на целата наставна година, по часовите од редовната настава, во слободното време на учениците според определени Програмски содржини и со писмена согласност од родител. Во согласност со кадровските услови ќе се организира додатна настава за учениците од 2-ро до 9-то одделение, а ќе биде организирана според претходно изготвени програми. На почетокот од септември ќе биде изработен распоред за додатна настава кој по донесувањето станува составен дел на оваа годишна програма и тој ќе биде истакнат на огласната табла во холот на училиштето и на Веб страната.

Со новата концепција за основно образование додатната настава е вклучена во неделните планирања од редовната настава и се прилагодува според постигнувањата на учениците во периодот на реализација на редовните содржини.

Реализацијата на додатната настава се евидентира во одделенскиот електронски дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник.

Распоредите за додатна настава ќе бидат во прилог на годишната програма.

### 8.13. Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го подржи талентираниот ученик.

Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник оделно,ученичко портфолио.) Селекцијата на овие деца се врши во соработка на наставникот, родителот на ученикот, психологот преку идентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште ќе се реализира преку:

- Индивидуализација во наставата со учениците
- Групна настава со учениците со приближно исти спосбности

- Додатна настава
- Проектни активности
- Слободни ученички активности
- Организирање на конкурси,натпревари и истражувачки активности
- Организирање на креативни работилници.

За успешно да се идентификуваат и успешно да се организира работата во согласност со индивидуалните потреби на учениците, треба да се прави разлика меѓу надарен,талентиран ученик со високи интелектуални способности.

**Талентот** е врзан за способноста во една потесна област (математика, физика,танц,музика) и всушност е диспозиција, која треба да се развива со упорна работа. Талентот не е само резултат на  наследната еволуција (не се наследува талентот, туку само диспозицијата за негово развивање)  туку е резултат на многу работа и постојан развој на личноста.

**Надареност** претставува склоп на особини, врз основа на кои поединецот е способен трајно да постигнува исклучително високи резултати во едно или повеќе подрачја на човековата дејност. Овие ученици поседуваат таков склоп на особини или комбинација на способности за одреден вид на дејност што им овозможува во континуитет да постигнуваат супериорни резултати во однос на другите деца и се одликуваат со висок степен на творештво.

Талентиран е ученик кој покажува извонредна дарба само во ограничено подрачје, се поврзува со високи интелектуални способности во еден домен.Надарен ученик е тој што постигнува извонредно високи резултати на репродуктивно или продуктивно ниво во една или повеќе области.

**Процедура на откривање и работа со надарените и талентираните ученици**

**-**Откривањето на надарените и талентираните ученици во нашето училиште ќе се одвива преку следниве фази:

**Препознавање** (забележување на иницијалните и потенцијалните,знаци и сигнали на надареноста и талентираноста)

**Евидентирање** (отварање/создавање на индивидуално педагошко портфолио за надарените и талентираните)

**Информирање:** воспитувачите, наставникот,родителите,соучениците, други заинтересирани лица надвор од училиштето. Изработување на план за поддршка на развојот (дефинирање на систем на мерки и постапки за потикнување на развојот на училиштето и надвор од него).

**Работа со надарените и талентираните ученици**

**Следење на развојот на надарените и талентираните** (примена на систем на мерки и механизми за следење на развојот на надарените)

**Препознавањето** се состои во непосредната опсервација на однесувањето, начинот на работа и резултатите кои ги постигнуваат учениците во рамките на редовната настава и вонаставните активности.

**Препознавање**(воочување на одреден вид на однесување кое може да се интерпретира како сигнал за надареност) Лична опсервација и искуство: Предлози од одделенскиот раководдител; забелешки од предметните наставници; Запознавање од страна на родителите; Известување од учениците; Пријавување од страна наа соучениците;Сугестии од други стручни лица.

Евидентирање на надарените и талентирани ученици започнува со избор на поширока група на ученици кои се пртпоставувa(од добиени информации и белешки на наставници,сугестии на родители исл.) дека се надарени и талентирани и кои би можеле да се вклучат во понатамошна фаза на психолошко тестирање односно примена на соодветен психолошки инструментариум. При тоа би можело да се потврди или отфрли нивната потенционална надареност и талентираност со примена наа оценувачките скали кои ќе ги применуваат наставниците во однос на видот и нивната надареност.

**Критериуми за евидентирање се:**

**Училишен успех:** се земаат во предвид учениците со постгнат континуиран одличен успех до периодот на евидентирањето.Посебно треба да се внимава на учениците кои имаат постигнато повисоки од стандардните знаења за тоа ниво и имаат при тоаа и континуитет.

**Забележителни достигнувања во поедини специфични подрачја се** почитуваат исклучителни достигнувања на ученицитево поедини специфични подрачја на активност како што се математичко,ликовно,музичко,спортско и други подрачја како и други интересни сфери во наставните и вонаставните активности

**Мислење на наставниците** – посебен акцент се става на учениците кои покажуваат знаци на надареност, но немаат континуиран одличен успех или забележителни резултати во едно или повеќе специфични подрачја.Во овој контекст вниманието треба да се стави на учениците кои доаѓаат од социјално-депресивните средини и средин со пониско ниво на социо-културни условни околности, а кои имаат специфични училишни и тешкотии во однесувањето.

**Натпревари:**посебен акцент се става на освоени регионални или државни награди кои учениците ги постигнале или континуирано ги постигнуваат по еден или повеќе наставни предмети и области.

**Хоби:** во предвид се земаат достигнувањата во различни видови активности за кои учениците имаат силен интерес и мотивација.

**Мислење на стручните соработници:** (педагог, психолог и др.профили). Стручните соработници треба да бидат внимателни и на учениците кои од различни причини не се вклучени врз основа на претходните критериуми. Се земаат во предвид разултатите од психолошкото тестирање кое го реализираат стручните соработници за различни цели(предвремен упис, акцелерација и др.)

**Мислење на родителите:** Во оваа фаза мислењето на родителите не се третира приоритетно од причини поради пред се на претпоставениот субјективен или пристрасен однос кон своето дете во однос на неговите сигнали и знаци на надареноста и талентираноста.

**Идентификацијата** претставува динамично дијагностичка процедура со која се утврдува видот и степенот на надареноста и талентираноста. Идентификацијата ќе се спроведе преку примена на психолошки тестови преку кои ќе се утврдува општата интелектуална способност и посебните способности на учениците.

Процесот на откривање на надарените и талентираните ученици во училиштео ќе го води стручниот тим за надарени ученици.Документацијата за процесната дијагностика ја води стручната служба. Со тоа би се извршила прелиминарна селекција на надарените и талентираните во училиштето според видот и степенот на надареноста и препорака за нивно вклучување во соодветни образовни програми.

**Информирање:** Во оваа фаза се информираат воспитувачите, наставникот, одделенските наставници, родителите, другарите, заинтересирани лица надвор од училиштето.

Изработување на план за поддршка на развојот(дефинирање на систем на мерки и постапки за потикнување на развојот во училиштето и надвор од него).

Работа со надарени и талентирани ученици се реализира преку:
-Диференциран пристап во наставата
-Групна настава за ученици со приближно исти способности
-Додатана настава
- проектни активности
-Слободни ученички активности
- организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности
- организирање на креативни работилници
- акцелерација

**Следење на развојот на надарените и талентираните** (примена на систем на мерки и механизми за следење на развојот на надарените)

Со надарените и талентираните ученици наставниците ќе работат континуирано во текот на целата учебна година со мотивирање и задавање на обврски за време на часовите, за домашна работа, вклучување во разни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. Оваа група на ученици ќе се вклучат и во училишните, општинските, регионалните, државните и меѓународните натпревари и конкурси.

## 8.14. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби - Наставникот изработува идивидуален образовен план за деца со посебни образови потреби кој ќе биде поттикнувачки и мотивирачки за учениците. Истиот ќе се реализира во текот на целата учебна година во која ќе бидат вклучени природата на проблемот со кој се соочува ученикот, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба, родителите и специјалниот едукатор во училиштето кој ќе ги координира и организира сите активности . Ученикот со посебни потреби континуирано го вреднуваме според оваа програма, поединечно, усмено или

писмено, со прилагодување според особеностите на ученикот. Во училиштето се формира и тим за работа со деца со посебни потреби. Училиштето има програма за соработка со ОУ „ Кочо Рацин“ со ресурсен центар - Битола и во склоп на училиштето работат шест образовни асистенти кои се поддршка на учениците при реализирање на содржините предвидени според индивидуалната програма за секој ученик.

Членовите на училишниот инклузивен тим, се наведени во подрачје 1.2 на оваа програма. Во нашето училиште постојат инклузивни тимови за ученици.

**ПРЕГЛЕД НА ИНДИВИДУАЛНИ ИНКЛУЗИВНИ ТИМОВИ**

| | |
|---|---|
| СЕНЃЕЛ АБДУЛОСКА<br>Одд.II<br>Одд.наст. Маријана Ристеска<br>Педагог<br>Спец.едукатор Кристина Симјаноска<br>Родител/старател Весна Ставреска | |
| МЕРТ ЈУСУФОВ<br>Одд : III<br>Одд.наст.: Валентина Ѓуроска<br>Педагог: **Вера Китаноска?**<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Марија Стојаноска | ДЕЈВИ ИВАНОВСКИ<br>Одд : III<br>Одд.наст.: Николина К Дејаноска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор:Кристина Симјаноска<br>Родител/стар.:Рената Веселиноска |
| МАРИЈА МИЛАДИНОВИЌ<br>Одд : III<br>Одд.наст.: Валентина Ѓуроска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/ста.: Елизабета Стојаноска | МЕДИМЕ АЈРОСКА<br>Одд : IV<br>Одд.наст.: Драгана Златеска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор:Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Јулија Маркоска |
| ЕМИЛ АЈРЕДИНОВ<br>Одд : VI<br>Одд.наст.: Звонко Блажески<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/стар.: Миланка Нестороска | МАРКО ДАРИО ТЕПШИЌ<br>Одд : VI<br>Одд.наставник.:Марјана Трпеска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Дамир Тепшиќ |
| КАЛИНА ТРЕНКОСКА<br>Одд : VII<br>Одд.наст.: Наташа Стојкоска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател:Игор Тренкоски | БРАНКО МИЦКОСКИ<br>Одд : VII<br>Одд.рак.:Горан Ѓуроски<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Боге Мицкоски |
| ДАНИЕЛА ЃОРЃИЕВСКА<br>Одд : IX<br>Класен. рак:Јасна Н Радеска<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател: Јулија Маркоска | ТОДОР ДОЈЧИНОВ<br>Одд : IX<br>Класен.рак.:Јовица Блажески<br>Педагог: Вера Китаноска<br>Спе.едукатор: Кристина Симјаноска<br>Родител/старател:Петра Божиноска |

### 8.15. Туторска поддршка на учениците

Во училиштето се уште нема организирано туторство на ученици. Оваа учебна година, училиштето ќе ги следи понудите и потреби на ученици.

### 8.16. План на образовниот медијатор

Во училиштето се уште нема образовен медијатор. Оваа учебна година, училиштето ќе ги следи понудите и во соработка со Локалната самоуправа и МОН ќе се труди да обезбеди Образовни медијатори.

## 9. Вонинаставни активности

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Во училиштето е формиран училиштен спортски клуб УСК „Св.Климент Охридски 2014 “, основан на 25.09.2014 год. со Статут од 25.09.2014 год. како основачки акт, во чии рамки активно се вклучени учениците и ќе се реализираат активности од областа на спортот и спортски активности,според афинитетите на учениците. Планот на активностите, времето на реализација, опфатеноста на учениците, предвидените настапи турнири итн . се дадени во програмите за вонинаставни активности на наставниците по физичко и здравствено образование. Распоредот на натпревари се прави според федерацијата на училишен спорт на РМ. Преку училишните натпревари ќе се презентираат постигнувањата на учениците во наставата и другите подрачја од воспитно-образовната дејност. Овие натпревари ќе се организираат на ниво на училиште, општински, регионални, државни а најуспешните би учествувале и на меѓународни.

За таа цел во училиштето за учебната 2025/2026година активно ќе функционираат следниве спортови:

- Фудбал,футсал, атлетика – одговорен наставник Јовица Блажески
- Одбојка, шах – одговорен наставник  Марјан Стојаноски
- Ракомет, бокс – одговорен наставник Марјан Силјаноски
- Кошарка, тенис – одговорен наставник Мартин Батанџиовски

Одговорните наставници по ФЗО имаат изготвено планирања на активностите и иститe се во прилог на годишната програма.

### 9.2. Секции/Клубови

| Ред. бр. | Име на секцијата | Реализатор | Број на часови |
|---|---|---|---|
| 1 | Литературна секција | Мартина Ф Крстеска<br>Христина Трпческа | 36<br>36 |
| 2 | Библиотекарска Секција | Васе Силјаноски | 36 |
| 3 | Новинарска секција | Михаела Батанџиовска | 36 |
| 4 | Странски јазици | Ирена Кулеска<br>Наташа Стојковска<br>Наташа Когој<br>Мирјана Силјаноска<br>Соња Спироска<br>Гордана Трајаноска | 36<br>36<br>36<br>36<br>36<br>36 |
| 5 | Историска секција | Коце Богданоски | 36 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Драган Настески | 36<br>36 |
| 6 | Географска секција | Горан Ѓуроски<br>Сребре Алексоски | 36<br>36 |
| 7 | Математичка секција | Елизабета Милошеска<br>Јасмина Батанџиоска | 36<br>36 |
| 8 | Еколошка секција | Јасна Н Радевска | 36 |
| 9 | Млади хемичари | Мирјана Јандриеска | 36 |
| 10 | Е- твининг | Сара Радевска | 36 |
| 11 | Креативна секција | Жарко Б. Блажески | 36 |
| 12 | Музичка секија | Златко Ристески | 36 |

## 9.3. Ученички акции

Во училиштето се организираат базари, хепенинзи, хуманитарни настани, по повод денот на училиштето или други одбележувања, со јасно дефинирани содржини, време за реализација и задолжени за реализација и супервизија во која задолжително има претставници од Совет на родители.

| **Акции** | Содржини | Време на реализациа | Лице задолжено за реализациа | Опфатеност на ученици | Потребни средства материјали и извори | Тим за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Базари | Организирање на базар по повод Нова година<br>Велигденски базар | Декември<br>Април | Наставници - одделенски раководители | I - IX одделение | Сопствени средства | Директор претстав. Од Совет на родители,стр.соработници |
| Хепенинзи | Ликовен хепенинг по повод патрониот празник на училиш.<br>Ликовен хепен. во рамките на МИО | Декември<br>Во текот на учебната година | Наставник по ликовно и одделенски наставници | Од I до IX одделение | Сопствени средства | Директор наставници |
| Еколошки акции | Уредување на непосредната околина | Во текот на учебната година | Еко секција<br>наставници | Од I до IX одделение | Сопствени средства | Стручни соработници, наставници, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на училиштето<br>Еколошки акции кампањи редовни еколошки патроли. Светски ден на планетата земја Денот на пролетта<br>Активности во соработка со општината | 22Април<br>22 Март | | | | родители |
| Хуманитарни акции | Ден на гладот Хуманитарна новогодишна акција на ниво на училиште<br>Акции за собирање на книги<br>Други хуманитарни акции по потреба | 16.10<br>Декември<br>Во текот на учебната година | Стручни соработници и наставници родители | Од I до IX одделение | Свет на родители | Пом директор<br>Претставник од совет на родители<br>Стручни соработници |

## 10. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање служи за да се овозможи активно учевство за застапување и промовирање на правата и интересите на учениците преку демократско учевство во донесување одлуки во училиштето.Во секоја паралелка од прво до деветто одделение се формира заедница на паралелката која работи на дисциплината, хигиената, редовноста на учениците, решавање на проблемите во паралелката. Претседателите на ученичките заедници, го формираат ученичкиот парламент кој работи на ниво на училиште. Исто така согласно законот за основно образование избран е и ученички правобранител.

Претставници од Ученичкиот парламент и правобранителот учествуваат на Наставнички совет, Советите на одделенски и предметни наставници, Училишниот одбор, Тимот за Меѓуетничка интеграција во образованието, при изработка на Годишната програма.

Програмите за работа на ученичкиот парламент и правобранителот се во Прилози на оваа Годишна програма.
Координатор за ученичкото организирање е педагогот ?.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Учениците имаат можност да ја запознаат нашата татковина нивнита околина и поширокото опкружување. преку радовни наставни и воннаставни активности кои се реализираат во нашето училиште. Училишните екскурзии, излети и настава во природа им овозможуваат на учениците да ги прошират своите знаења, откривање и истражување на културно историски локалитети, природни реткости и убавини на нашата татковина.

Во учебната 2025/2026година со учениците од I до IX одделение предвидено е да се изведат два еднодневни излети до блиската околина (есенски и пролетен),

Еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение
Дводневна екскурзија со учениците од шесто одделение
Тродневна екскурзија со учениците од деветто одделение
Летен камп со учениците од прво до деветто одделение

Целта на ученичките екскурзии и излети ќе биде поврзување на теоретски разработените наставни содржини со практиката:

- Учениците изворно да се здобијат со знаења претстави и поими во природната средина, предзнаењата и знаењата да се дополнат и да се дооформуваат, потврдат и систематизираат;
- Развивање на способноста за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина.
- Воспоставување на блиски и непосредни односи меѓу учениците, подобро и посестрано запознавање на нивните индивидуални карактеристики и карактеристиките на ученичкиот колектив.
- Развивање смисла за убавото, чување на природата, природните реткости и други материјаални и духовни богатства и формирање навики за организирано културно користење на работното време.

**Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на учениците:**

1. Тони Ставрески – директор
2. Светлана Танеска – пом.директор
3. Николина К Дејаноска – одделенски наставник
4. Марјан Силјаноски – предметен наставник
5. Јасна Н Радеска – предметен наставник
6. Мартина Ф Крстеска– предметен наставник
7. Христина Трпческа –предметен наставник

Со оваа програма се одредуваат воспитно образовните цели, задачи, времетраењето, локациите за посета и правците на патување, техничката

организација и начинот на финансирање на екскурзиите и слободните активности на учениците и истата е изработена според „Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Податоците за бројот на учениците и од кои паралелки се учениците кои се вклучени во вонучилишни активности ќе бидат дополнително утврдени со почетокот на Учебната година.

## 12. Натпревари за учениците

**Ученичките** натпревари ќе опфаќаат активности преку кои ќе се презентираат постигањата на учениците и на училиштето во наставата и во другите области на воспитно образовната дејност. Тие ќе се организираат се со цел учениците да го развијат натпреварувачкиот дух. Учениците ќе земат учество на училишни,општински, регионални и државни натпревари по оние предмети и области за коишто соодветните здруженија поседуваат акредитација од страна на МОН. Воедно учениците ќе земат учество и на распишани конкурси и други форми на натпревари организирани по повод патрониот празник на училиштето,државни празници, јубилејни прослави и сл. со свои творби по оделни предмети и области.

| **Ученички натпревари** | **Вид на натпревар** | **Време на реализција** | **Реализатор** | **Опфатеност на ученици** |
|---|---|---|---|---|
| Училишни натпревари (централно и подрачни) | Македонски ј<br>Англиски Ј<br>Француски јазик<br>Историја<br>ТО и информатика | Март-април | Предметни наставници | IV-IX одделение |
| Општински натпревари | Математика, природни науки, географија, македонски, англиски, француски јазик, историја,физика,хемиј а, биологија, | Април | Предметни наставници | IV-IX одделение |
| Регионални натпревари | Математика, природни науки, географија, македонски, англиски, француски јазик, историја,физика,хемиј а, биологија | Април | | IV-IX одделение |
| Државни натпревари | Според добиена кфалификација по дадениот предмет | Мај , јуни | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Меѓународни натпревари | Мал битолски монматр, Кенгур, Дабар | Англиски ј,математик а,информат ика,ликовно | Одделенски и предметни наставници | IV-IX одделение |
| Литературен конкурс<br>Ликовен конкурс<br>Турнир во фудбал<br>Турнир во ракомет | Македонски јазик<br>Ликовно образование<br>ФЗО<br>ФЗО | Декември<br>Мај | Предметни наставници по Македонски, Ликовно и ФЗО и одделенски наставници | IV-IX одделение |

**13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција**

Училиштето развива почит и однос кон различностите.Мултикултурните активности се реализираат во соработка со училишта од други општини кои се со друг ентитет.

Во училиштето наставата се одвива на Македонски јазик.. но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен ентитет за да разменуваме позитивни практики и промотори на редот, мирот, сожителството, културното наследство традицијата затоа што сме свесни дека не сме само едни и единствени на просторот во кој живееме и работиме. Ние сме потполно свесни дека треба да научиме да бидеме сите единствени и обединети, да немаме стереотипи и предрасуди, да го намалиме бројот на конфликти.

За таа цел училиштето е веќе вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти и БРО како задолжителен дел од наставниот процес преку планирање на наставни содржини по сите предмети во сите одделенија.

Училиштето и понатаму ќе продолжи да реализира мултикултурни активности со партнерските училишта„Јонуз Емре“ с.Лисичани, Мустафа Кемал Ататурк“ с. Пласница, „Пере Тошев“ Десово општина Долнени и „Луиѓ Гарикуќи“ Желино. Со едно од овие училишта ќе аплицираме и на проектот „Градиме нови мостови“

Во нашето училиште тимот за интеграција на мултикултурализмот во воспитно-образовниот процес е:

1.Тони Ставрески- директор
2. Светлана Танеска – одговорен на тимот
3. Драгана Златеска
4. Горан Ѓуроски
5. Гордана Трајаноска – Координатор на тимот
6. Сребре Алексоски

7.Михаела Батанџиовска
8.Христина Трпческа
9.Жарко Б Блажески

Планот на активности на тимот за меѓуетничка интеграција за учебната 2025/2026 година ќе биде во прилог на Годишната програма. Дел од планиранитеактивности на овој тим кои ќе се реализираат годинава:

- Организирање на дисеминација на нововработени наставници, членовите од тимот кои ги имаат поминато обуките за МИО во училиштето ќе организираат десиминација на своите колеги. За оваа активност не се потребни финансиски средства, само обезбедување на соодветен простор. По завршувањето на истата училиштето на колегите кои ќе ја поминат обуката треба да им издаде потврда.

Време на реализација: август-декември 2025 год.

- Одбележување на празници со потенцирање на интеркултурализмот , Нова Година, 8-ми Март, 9-ти Мај, со организирање на работилници со средства од училиштето и локалната бизнис заедница , а со поддршка од родителите. На овие работилници ќе се изработуваат : честитки, брошури, ќе се организираат дебати на кои ќе се зборува за меѓуетнички сличности и разлики, предрасуди и стереотипи. Во зависност од условите и можностите би сакале да бидат мултикултурни.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

| Име на проектот | Институции за подршка и помош | Име и презиме на наставникот или стр.сор | Временска рамка на реализација | Средства за реализација на проектот | Цели |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓуетничка интаграција во образованието | Подржано од МЦГО, МОН и УСАИД | Светлана Танеска | Во текот на учебната година | | Едуцирање на учениците за прифаќање на различностите |
| Математика со размислување | БРО | Јасмина Батанџиовска | Во текот на учебната година | Сопствени средства | Развивање на математичките вештини |
| Јазична писменост | БРО | Мартина Ф Крстеска | Во текот на уче. година | Сопствени средства | Примена на јазич. писмен. во сите одд. |
| Интеграција на еколошката едукација во мак. обр систем | МОН | Јасна Н Радевска | Во текот на учебната година | | Подигање на еколошката свест кај младите |
| Училиште без насилство | МОН УНИЦЕФ | Кристина Симјаноска | Во текот на учебната година | Сопствени средства | Намалување на насилното однесу-вање на учениците |
| Промоција на безбедна училишна средина | МЦГО Коалиција СЕГА, МЕЃАШИ, ПЕСТАЛО | Светлана Танеска | Во текот на целата учебна сега | Средства обезбедени од организаторите на | Безбедна училишна средина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ЦИ | | | проектот | |
| Антикорупциска едукација на учениците | МОН | Александра Кофилоска | Во текот на учебната година | Сопствени средства | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција,инте-гритет и етичност |
| Проект стратешки партнерства на училишта КА 210„Myths and legends-My tremendous heritage“ | КА210 Проект од Еразмус + програмата Национ. агенција за европски образовни програми и мобилност | Наташа Когој | Во текот на учебната година | Грант на проектот од страна на националната агенција | Развивање на компетенциите на учесниците за публикација |
| Проект КА 120 „Teaching in a fun way in the digital age“ Настава на забавен начин во дигитална ера | КА120 Проект од Еразмус + програмата Национална агенц. за европски образовни програми и мобилност | Александар Станкоски | Во текот на учебната година | Грант на проектот од страна на националната агенција | Развивање на компетенциите на учесниците за публикација |

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Воучебната2024/2025година во училиштето настава ја посетуваа вкупно 406ученик. Во првиот воспитно образовен период од прво до трето оделение има 138 ученици и тоа во **првоодделение**37ученици,**второодделение**51 ученици и**третоодделение**50 ученици. Ситеученицинапредуваатспоредсвоитеможностииспособности.Ситеученицисеописнооцен ети. Учениците од IV до IX одделение се бројчано оценети и по предмети го имаат постигнато следниот успех:

| Бр. | Наставен предмет | Бр. | У с п е х | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | |
| | | | Бр. | Бр. | Бр. | Бр. | Бр. | |
| 1. | Македонски ј | **264** | **97** | **56** | **70** | **41** | **/** | **3,79** |
| 2 | Математика | **264** | **111** | **42** | **64** | **47** | **/** | **3,82** |
| 3 | Англиски јазик | **264** | **130** | **43** | **55** | **36** | **/** | **4,01** |
| 4 | Француски јазик | **182** | **49** | **33** | **62** | **55** | **/** | **3,46** |
| 5 | Италјански јазик | **1** | **/** | **4** | **/** | **/** | **/** | **4,00** |
| 6 | Ликовно образование | **264** | **205** | **24** | **26** | **9** | **/** | **4,55** |
| 7 | Музичко образование | **264** | **146** | **63** | **31** | **24** | **/** | **4,25** |
| 8 | Географија | **153** | **48** | **32** | **48** | **25** | **/** | **3,67** |
| 9 | Историја | **153** | **61** | **35** | **46** | **11** | **/** | **3,95** |
| 10 | Историја и општество IV ,V | **72** | **40** | **13** | **9** | **10** | **/** | **4,15** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Историја и општество VI | | | | | | |
| | модул Историја | **30** | **14** | **5** | **5** | **6** | | **3,90** |
| | модул Географија | **30** | **16** | **4** | **6** | **4** | | **4,06** |
| | Модул Граѓанско обр. | **30** | **14** | **5** | **5** | **6** | | **3,90** |
| 12 | Биологија | **153** | **45** | **21** | **46** | **41** | **/** | **3,45** |
| 13 | Физика | **106** | **34** | **21** | **29** | **22** | **/** | **3,63** |
| 15 | Хемија | **106** | **27** | **16** | **38** | **25** | **/** | **3,42** |
| 16 | ФЗО | **264** | **244** | **20** | **/** | **/** | **/** | **4,92** |
| 17 | Техничко образованиеи ин | **81** | **46** | **16** | **11** | **8** | **/** | **4,23** |
| 18 | Техничко об,и информат. | | | | | | | |
| | Модул Техничко образ.VI | **30** | **14** | **8** | **7** | **1** | | **4,16** |
| | Модул Информатика VI | **30** | **11** | **8** | **4** | **7** | | **3,76** |
| 19 | Информатика | **47** | **26** | **12** | **9** | **/** | **/** | **3,87** |
| 20 | Природни науки | **111** | **48** | **23** | **20** | **20** | **/** | **3,89** |
| 21 | Етика | **47** | **26** | **12** | **9** | **/** | **/** | **4,36** |
| 22 | Граѓанско образование | **136** | **49** | **25** | **43** | **19** | **/** | **3,76** |
| 23 | Иновации | **50** | **21** | **10** | **19** | **/** | **/** | **4,04** |
| **Изборни предмети** | | | | | | | |
| 1. | Заштитанаживотната средина | **29** | **22** | **/** | **7** | **/** | **/** | **4,51** |
| 2 | Народни ора и танци | **29** | **26** | **/** | **3** | **/** | **/** | **4,79** |
| 3 | Градинарство | **4** | **2** | **/** | **2** | **/** | **/** | **4,00** |
| 4 | Извидништво | **41** | **34** | | **7** | | | **4,67** |
| 5. | Класична култура на Е Ц | **30** | **16** | **/** | **14** | **/** | **/** | **4,06** |
| 6 | Религии во светот | **3** | **3** | **/** | **/** | **/** | **/** | **5,00** |
| 7 | Имам права | **1** | **1** | | | | | **5,00** |
| 8 | Истраж. на родниот крај | **45** | **14** | **14** | **7** | **10** | **/** | **3,71** |
| 9 | Моделарство | **30** | **21** | **/** | **9** | **/** | **/** | **4,40** |
| 10. | Мод. креа.идеи нап. сам | **34** | **27** | | **7** | | | **4,59** |
| 11 | Проекти од информатика | **40** | **18** | **10** | **12** | **/** | **/** | **4,15** |
| 12 | Про. од ликовна уметност | **10** | **7** | **2** | **1** | **/** | **/** | **4,60** |
| 13 | Оригами | **7** | **4** | **/** | **3** | **/** | **/** | **4,14** |
| 14 | Кошарка | **2** | **2** | **/** | **/** | | | **5,00** |
| 15. | Фудбал | **6** | **6** | | | | | **5,00** |
| 16 | Прва помош | **3** | **3** | | | | | **5,00** |
| 17 | Шах | **14** | **12** | **/** | **2** | **/** | **/** | **4,71** |
| 18 | Учам за моето здравје | **1** | **1** | | | | | **5,00** |
| 19 | Справ. со прир.катастрофи | **25** | **18** | **/** | **7** | **/** | **/** | **4,44** |
| 20 | Разреш. конфликти | **9** | **6** | | **3** | | | **4,33** |
| 21 | Етика и морал | **6** | **6** | | | | | **5,00** |
| 22 | Прир.убав.на мојата татков | **5** | **5** | | | | | **5,00** |

| Паралелки | Успех | Паралелка | Успех |
|---|---|---|---|
| I -1 | **Описно** | VI-1 | 3.93 |
| I -2 | **Описно** | VI-2 | 4,20 |
| I - ПУ | **Описно** | VI-ПУ | 4,26 |
| II-1 | **Описно** | **Ср.Ус.IV-VI** | **4.18** |
| II-2 | **Описно** | VII-1 | 4,40 |
| II-3 | **Описно** | VII-2 | 4,04 |
| II–ПУ | **Описно** | VII-ПУ | 4,07 |
| III-1 | **Описно** | VIII-1 | 3,48 |
| III-2 | **Описно** | VIII-2 | 3,60 |
| III-3 | **Описно** | VIII-ПУ | 3,82 |
| III-ПУ | **Описно** | IX-1 | 3,77 |
| IV-1 | 3,67 | IX-2 | 4,38 |
| IV-2 | 4,52 | IX-ПУ | 3,62 |
| IV-3 | 4,30 | | |
| IV-ПУ | 4,67 | | |
| V-1 | 4,87 | **Среденуспех одVII-IX** | **3,88** |
| V-2 | 4,48 | | |
| V -ПУ | 4,27 | **Среден успех од IV -IX** | **4,03** |

Во учебната 2024/25 год. вкупниот број на ученици беше 406 ученици (213 машки и 193 женски). Примерно поведение имаат 406 ученици. Од прво до трето одделение 138ученици се описно оценети и четворица ученици од кои од петто и шесто одделение по двајца ученици описно се оценети по модифицирана програма. Бројчано се оценети вкупно 264ученици. Средниот успех е 4,03.Вкупниот број на изостаноци е 6 342 од кои 6 194 оправдани и 148 неоправдани.

Соработка со установите од областа на образованието (средни училишта од општината и пошироко, центарот за социјални работи,различни здруженија, медицински установи и други установи кои можат да помогнат во воспитно-образовниот процес на учениците);

Организирање стручни предавања, советувања и обуки за родители; Интегрирање на децата со посебни образовни потреби воопштеството; еднаквост и правичност за сите во училиштето како ученици така и вработени; соработка со локалната заедница,семејството и родителите;

Интензивирање на соработката со училиштата ООУ „Пере Тошев“ од Десово и ООУ„Луиѓ Гаракуќи“ Желино, ОУ„Јонуз Емре“ Лисичани, ОУ„Мустафа Кемал Ататурк“ Пласница за реализација на ПМИО. Продолжување на соработката созбратименото училиште „Вук Караџиќ –Житковац Алексинац од Р.Србија .

Според анализата се забележува зголемување на успехот на учениците во оваа учебна година, формиран е тим за разгледување и анализа на постигнатиот успех на учениците и предлагање на мерки за одржување или подобрување на успехот во оваа учебна година, подобрување на оценувањето на наставницитеи спроведување активности со цел подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците.

На Отворениот ден за Граѓанско Образование- ГО во рамките на Трибината Ученички иницијативи, ќе бидат презентирани иницијативите на учениците за:

-зголемување на безбедноста во училиштето и доставени барања до локалните институции

- решавање на проблем со кучиња скитници и доставени барања до локалните институции
- селектирање на отпад,
- поставување корпи за различни видови отпад и доставено барање до ЕЛС и ЈКП
- од страна на Ученичката заедница ќе бидат презентирани заклучоците од работилницата за булинг кои воедно претставуваат предлог активности кои промовираат ненасилство во училиштето.

Во училиштето се изготвуваат следниве програми дадени во прилог:

-Програми за подобрување на постигнувањата на учениците;
- Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето;
- Програма за справување со насилно однесување во училиште и
- Програма за развивање на позитивна социо-емоционална клими.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите на учениците од најраната возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се потикнат за избор на новата професија.

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со кои учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање на помош за правилен избор на струка и занимање.

Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и други активности поврзани со кариерното советување на учениците.

Се организираат и презентации од средното училиште од општината и други средни училишта преку кои учениците се запознаваат со условите и критериумите за упис во средно образование.

Според Законот за основно образование и Годишната програма за работа на училиштето, изготвена е Програма за професионална ориентација. Основното образование како комплексна, перманентна и општествено организирана дејност, му помага на поединецот во избирањето на професијата и занимањето, а потребите налагаат професионалната ориентација да биде присутна од почетокот на школувањето на учениците.

Тим за професионална ориентација: Танеска Светлана, Тренгоска Сузана, Радеска Н Јасна, Трпческа Христина, Батанџиовска Михаела.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Координатор на тимот Кристина Симјаноска (специјален едукатор и рехабилитатор членови: Јасмина Батанџиоска, Златко Ристески, Јовица Блажески, Наташа Стојковска, Сребре Алексоски, Маријана Ристеска, Нада Јаќимоска. Во тимот учествуваат по двајца ученици од секоја паралелка од VIII и IX одделение.

Училиштето и оваа учебна година е вклучено во проектот **„Промоција на безбедна училишна средина“**. За таа цел во училиштето е формиран тим за ненасилно однесување во кој членуваат наставници, стручни соработници, родители и ученици. Во тимот во соработка со класните раководители се избираат ученици кои се жртви на насилство или ученици кои пројавуваат насилно однесување. Целта на проектот е намалување на насилното однесување на учениците, подигнување на свеста кај учениците за последиците од насилното однесување и создавање на безбедна училишна средина. Тимот редовно поднесува извештај за фрекфренцијата, видот и местата каде што се случуваат насилните однесувања, а исто така врши едукација на учениците, родителите и наставниците за успешно разрешување на конфликти. Тимот соработува и со други стручни лица од релевантни установи во локалната заедница заради сеопфатна заштита на децата од насилство пријавува во брза помош кага на ученик му е потребна медицинска интервенција, или во центар за социјална работа, или во полиција кога постои сомнеж за сторено некаво дело или кога детето е жртва на каков било вид на насилство сторено во или надвор од училиштето. Тимот има изработено Програма за заштита на децата од насилство која го содржи следното: Основни принципи и начела согласно Конвенцијата за правата на детето кои се и рамка на дејствување. Тоа се право на живот, опстанок и развој, најдобриот интерес на детето, недискриминација и еднаквост, поголемо учество на децата, усогласување на постојните подзаконски акти, дефинирање на најчестите видови на насилство во училиштата – физичко, психичко, социјално, сексуално, електронско насилство и сл. Превентивни активности – создавање на безбедна средина за живот и работа на учениците.

Тимот има изработено процедура за разрешување на конфликти и постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација. Процедурата е во прилог на годишната програма

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес која се користи за следење и подобрување на поучувањето и учењето, се изведува континуирано од првиот па се до третиот период и тоа:

- Во првиот период (I ,II, III одд). во текот на учебната година учениците се оценуваат описно, на крајот на учебната година добиваат свидетелства со описни оценки.
- Во вториот период (IV, V, VI одд.)на крајот од учебната година, учениците добиваат бројчани оценки додека на крајот од првото тромесечие, првото полугодие и третото тримесечие се оценуваат описно.
- Во третиот период (VII, VIII и IX одд.) , учениците бројчано се оценуваат.

При оценувањето се користат стандардите и критериумите изготвени од БРО, во координација со сознанијата стекнати на обуките во рамките на Проектот за основно образование – компонента за Унапредување на оценувањето на учениците. Оценувањето се изведува формативно и сумативно при што се применува Етичкиот кодекс. Ќе се формираат комисии составени од ученици кои ќе го следат оценувањето и ќе даваат свое мислење. Ќе се формира тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Притоа ќе се изготви план за поддршка на наставници со слаби резултати од работењето како и за наставниците-креатори и иноватори на развојот на квалитетно оценување. Ќе се воспостави процедура за поплаки и жалби по добиени оцени која ќе ја спроведува тим составен од стручната служба, одделенски како и предметни наставници и начин за известување на родителите по жалбите. Ќе се вршат квартални анилизи на постигнатите резултати и ќе се вршат споредби со веќе постигнатите во изминатите периоди. За учениците со посебни потреби до деветто одделение кои работат по модифицирана програма ќе се врши посебно описно оценување а наставниците во посебните образовни програми ќе го испланираат нивното оценување. Доколку во текот на учебната година се јави потреба во согласност со законската регулатива ќе бидат формирани комисии за повторна проверка на знаењето на учениците, испитни комисиии за одделенски испити и комисии за испит за побрзо напредување. Задачите и активностите кои произлегуваат од горе наведеното, како и реализаторите, ресурсите, инструментите, временските рамки и критериумите за успешно оценување може да бидат прикажани табеларно во текот на учебната година.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот и стручната служба. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди има изготвено план за посета на часови и има обврска преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да го следи имплементирањето на стандардите и критрериумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководител на

паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува по одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
Членовизатимотзаследењеанализаиподдршка:

1. Тони Ставрески
2. Светлана Танеска
3. Кристина Симјаноска
4. Елизабета Милошеска
5. Рената Т Кузманоска

Тимот за следење анализа и подршка ќе изготви своја програма во која ќе биде предвидена усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, ќе биде утврдена процедура за поплаки и жалби по добиени оценки, а исто така ќе гопрезентира и планот за следење и анализа на состојбите со оценувањето со временски период и за конкретен наставенпредмет, планот за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во работењето, поддршка за наставниците коисе иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, план на споделување на добрата пракса во рамки научилиштетововрска сооценувањето
После секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците.

Стручната служба изготвува извештај за успехот на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тромесечија, на полугодие и на крајот на годината според податоци добиени од одделенските раководители како и за поведението и редовноста на учениците по одделенија, пол, етички состав и наставен јазик.
Според Законот за основно образование, следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно проверување. Интерното проверување на постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето.
Годишните оценки одделенскиот односно раководителот на паралелкатана родителите ги сопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценкина учениците. Ако ученикот или родителот не е задоволен од годишната оценка, родителот има право во рок од три дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето **кој треба да биде образложен.** Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следењето и вреднувањето на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар се изведува, индивидуално, групно, во зависност од воспитно - образовната активност што треба да биде следена. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (евидентни листи за следење на квалитетот и

работата на воспитно образовниот кадар, набљудување и сл.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.
Тимот за следење и анализа е составен од Директорот на училиштето и стручните соработници. Преку изработените инструменти за следење на наставен час, часови по дополнителна и додатна настава и воннаставна активност се следи работата на наставниот кадар.

Целта е утврдување на нивото на реализација на наставните цели од програмата, следење на постигнувањата на учениците и нивното напредување, согласно стандардите на програмата, односот на наставник кон ученик со потешкотии во учењето и/или работа со талентиран односно ученик со посебна програма за работа.

Доколку одреден наставник има потешкотии и остварува послаби резултати во работата се приоѓа кон поддршка за подобрување на работењето.

Директорот на училиштето, помошник директорот и стручните соработници ќе изготват годишни програми за посета на наставните часови и воннаставните активностисо изработени инструменти и временска рамка и тие програми ќе бидат во прилог на годишната програма за работа на училиштето.

**План за следење анализа на квалитетот на воспитно образовниот кадар**

| **Активности** | **Реализатори** | **Целна група** | **Инструменти и докази** | **Време на реализација** | **Индикатори за успех** |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на тематски и годишни планирања | Раководно – стручна служба | Наставници одделенска и предметна | Инструменти за следење на планирањата | Август септември | Квалитетни и соодветни тематски и годишни планирања |
| Следење на дневни подготовки | Раководно стручна служба | Наставници одделенска и предметна | Инструменти за следење на подготовките | Континуирано | Квалитетни дневни подготовки |
| Следење на реализација на наставен час | Раководно стручна служба | Наставници одделенска и предметна | Инструмент за следење на наставен час | Два пати во текот на учебната година | Квалитетна настава за сите ученици |
| Следење во водење на педагошка документација | Раководно стручна служба | Наставници одделенска и предметна | Инструмент за следење педагошка документација | Континуирано | Правилно и навремено водење на педагошка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | документ. |
| Следење на вонnаставни активности и секции | Раководно стручна служба | Наставници и стручни соработници | Извештаи од реализирани активности | Континуирано | Унапред. и осов..на воспитно образовна. работа |

16.4. Самоевалуација на училиштето

Целта на Самоевалуацијата е објективно утврдување на постоечката состојба и постојано унапредување на работата на училиштето преку анализа на конкретниактивности  и осврти на сите области на работење на училиштето со цел да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето. Последната Самоевалуација во училиштето изготвена е за учебните 2022/2023 и 2023/2024година. На крајот на учебната 2025/2026 година треба да се направи самоевалуација на училиштето.

Во училиштето е формирана Комисија за самоевалуација во состав:

1. Александар Станкоски – претседател – Кристина Симјаноска – заменик претседател
2. Наташа Стојкоска член – Дијана М Ристески  заменик член
3. Елизабета Темелкоска член–Драган Настески заменик член
4. Мартин Батанџиовски–член Лидија Андова заменик член
5. Бранка Костадиноска–член Ивица Димоски заменик член

Комисијата ќе има за задача да направи Самоевалуација на работата  на училиштето за учебните2024/2025и2025/2026 година и да направи извештај од извршената самоевалуација. Комисијата самоевалуацијата ќе ја спроведе во неколку фази:

- Подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструменти за самоевалуација и се обезбедува документација потребна за вршењето на самоевалуацијата при тоа користејќи ги материјалите од претходната самоевалуација за да се направи компарација)
- Фаза на реализација ( се врши анализа на податоците и документацијата се прибираат податоци преку анкети прашалници, интервјуа и сл. На раководно стручната служба, наставници, родители ученици. Се уредуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација.)
- Фаза на известување и усвојување( се презентира нацрт извештајот на наставничкиот совет, совет на родители, ученици, директорот на училиштето и училишниот одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот од спроведената самоевалуација.)

Комисијата за изработка наГодишната програма заработанаучилиштетогоразгледаизвештајотодизвршенатасамоевалуацијаисите препоракиизабелешкигивметнавоГодишнатапрограма.

## 17. Безбедност во училиштето

Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди”. Има противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност.

Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места.За заштита и безбедноста на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите, влезните врати се заклучени и има лице за обезбедување. Поставени се видео камери низ училиштето. Поставени се три камери и во ПУ Самоков. За време на сите денови во централното училиште има физичко обезбедување и платен чувар во ноќниотпериод. На почетокот на учебната година ќе се изведе вежба за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарна непогода.

## 18. Грижа за здравјето

Целта на наведената дејност на училиштето е да ги оспосби учениците и вработените во училиштето да превземаат активности за поздрав живот во училиштето и средината. За реализација на дел од наведените активности училиштето ќе соработува со здравствениот дом за организација и реализација на систематските прегледи на учениците, со заводот за здравствена заштита и со црвениот крст.Здравствената едукација на учениците ќе се остварува  и во текот на редовната настава по предметите ФЗО, природни науки, биологија, образование за животни вештини и преку интегрирањето на наставните содржини преку програмата Интеграција на еколошката едукацијаво образовниот систем на РМ.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Грижата на училиштето за заштита и унапредување на здравјето на учениците е обврска која што се реализира во соработка со родителите, здравствената служба и пошироката заедница. Во училиштето треба да се обезбеди беспрекорна хигиена на училишните простории:

-Редовно метење и бришење со крпа во кабинетите
Редовно бришење по ходниците  со средства за дезинфекција  и тоа кога учениците се на часови ивовременавикенд
-
Завременачасовитедодекаучениците сенанастава,редовнодасемијатсанитетски тејазлисовода,азавременавикендитесодезинфекционисредства
-
Дезинфекционитесредстванесмеатдасеупотребуваат когаучениците сенанастава, бидејќипредизвикуваатзадушувањеиоштетувањенадишнитепатишта
-Редовно чистење на училишниот двор од отпадоци притоа приоритет ни ќе бидат следните цели кои ќе се реализираат:
- Оспособување на учениците за преземање активности за поздрав живот во училиштето и во локалната средина;
- Даосознаваатштоеличнахигиенаикакотаасеодржува;
- Да прифаќаат лична одговорност во одржување  на хигиената во училницата и во непосредното опкружување;
- Да се оспособуваат редовно да практикуваат хигиенски навики;
- Да осознаваат некои болести,како се манифестираат и дали и како се пренесуваат;
- Да се оспособуваат за користење на едноставни заштитни мерки и прифаќаат совет и за заштита и лекување од болести;
- Да осознаваат различни начини за користење на слободното време и да согледаат дека слободното време може да се искористи  за одржување и подобрување на општата здравствена состојба и за проширување на своите

знаења. Училиштето има изработено Програма за здравствена заштита и здравствено воспитание дадена во Прилог.

### 18.2. Систематски прегледи

ООУ„Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за учениците и вработените ќе организира:

- Задолжителни систематски прегледи во кои ќе бидат опфатени учениците од I,III,V,VII и IX одделение по претходно утврден распоред.
- Задолжителни стоматолошки прегледи за учениците од I до IX одделение;
- Санитарен здравствен преглед за сите вработени
- Систематски преглед. На вработените кој се организира на две години

- При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се доставува и потврда за имунизација, офтамолошки и стоматолошки преглед за детето како услов за запишување.

Систематските прегледи ќе бидат реализирани без да се попречува наставата( по завршување на часовите), во придружба на оделенските раководители.

### 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинација се врши за ученици од одделенска и предметна настава и истата се врши во Здравствен дом Мак.Брод, со присуство на родителите и одделенските раководители. За учениците од прво одделение со навршени шест години следи ревакцина MRP (морбили,рубеола, паротит), за учениците од второ и трето одделение – ревакцина DT Polio (дифтерија,тетанус) и тестирање манту за ТВС, За учениците од VII одделение вакцини за детска парализа и тетанус и за учениците од IX одделение - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцини.

Учениците ќе ги придржува одделенски раководител и тоа ќе се одвива во слободното време на учениците пред или после часовите.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во училиштето нема организиран оброк. Во рамките на Образование за животни вештини кој се реализира на одделенските часовиима работилници кои се однесуваат на здравата исхрана и во сите одделенија се реализираат по еден до два часови. Во рамкитена проектот Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, дел од наставниците кои имаат родители едуцирани на оваатема, ќе реализираат работилници.

## 19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес(ученици,наставници, персонал ), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерниправила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Вонив подробно се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај напрекршувањенаутврденитеправила.
Контролата на движење и активности во училишниот двор ќе се обезбеди преку постоечкиот систем за видео надзор.
*Напомена: Правилниците се во прилог на годишната програма

**План за подобрување на училишната дисциплина**

| Активност | Цел | Носители на активност | Времереализација |
|---|---|---|---|
| Создавање на листа на дежурни ученици по одделенија | Контролирање на однесувањето на Учениците за време на одморите | Учениципод2-родо9-тоодделение | Во текот на целаучебнагодина |
| Создавање на листа на Дежурни наставници | Контролирање на Однесувањето на учениците за време на одморите | Наставници од одделенска и предметна настава | Во текот на цела учебна година |

*Напомена:Распоредотнадежурнинаставнициеделодприлозите

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени и учениците придонесуваат и се грижат за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето. Наставниците и учениците го уредуваат и одржуваат просторот во училиштето и опкружувањето на училиштето. Имено преку уредување на паноата со ученички изработки совладувајќи разни теми и проекти, творејќи ликовно и литературно, техничко изразување до уредување на зеленилото, садниците и останатата холтикултура. Посебно се обрнува внимание при одбележување на значајни датуми: Денот на училиштето, организираните хепенинзи кога се уредува целосно училиште почнувајќи од бината за свечености, ходниците, училишниот двор, просторија со изработки од учениците. Во тимот за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето го сочинуваат Сара Радевска, Жарко Б Блажески, Сашо Андов, Драгана Златеска, Даниел Кузманоски и четири ученици претставници на училишниот парламент кои ќе изработат план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето.

За развивање на одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето, со искуствата и придобивките од проектот„Стимулативна училница“ организиран од БРО, учениците

подраководство на наставниците создаваат т.н. „стимулативни училници“ од поодделни научни области, со што се реализира едукативниот елемент на наставата, но истовремено и естетскиот момент на просторот(училниците) во кои се поминува голем дел од денот.Со цел естетско уредување напросторот и подобрување на животот во училиштето на Отворениот ден за Граѓанско образование од страна на учениците ќебидат иницирани активности за: - чистење и разубавување на дел од училишниот парк - цртање мурал (слика, текст) на дел одучилишниотдвор. За реализација на овие активности учениците претходно ќе достават Барање за одобрување од училиштето.
Преку реализацијата на општествено-корисната работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата.Во прилог на тоа во училиштето ќе се превземаат следните активности: одржување на училиштето преку уредување на училниците икабинетите, ходниците, училишната зграда и училишниот двор.
Исто така во училиштето функционираат и слободните ученички активности со кои ќе се создадат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности научениците, а во интерес на уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето научилиштето. Такви се ликовната секција и секцијата на млади биолози.

### 19.3. Етички кодекс

Во нашето училиште постои Кодекс на однесување во кој одредени се: општи правила за однесување на учениците; правила врзани за наставата; правила за однесување за време на одмор; правила за однесување на наставниците и другите вработени во училиштето и правила за однесување на родителите. Покрај овој кодекс постои и Етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците во кој се одредени правила за оценување. Сите се истакнати на видно место во училиштето и во училиштето се стремат кон почитување на овие етички кодекси. Исто така во училиштето има изработено куќен ред. Сите етички кодекси се истакнати на видно место во училиштето и објавени на веб страната.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат:

- формални средби: состаноци, работилници, дебати предавања и сл.
- неформални средби: заедничко дружење и средби на сите вработени после работното време во текот и на крајот од учебната година.

Во тимот ќе бидат опфатени сите структури во училиштето и ќе биде составен од следните членови:

1. Тони Ставрески - директор
2. Сузана Тренгоска – психолог
3. Елизабета Темелкоска наставник

4. Мартина Ф Крстеска- Наставник
5. Горан Иваноски – претседател на УО
6. Александра Ѓорѓиоска – Совет на родители
7.Претставник од училишен парламент

*Предлог мерките, носителите на активностите и целите и задачите за подобрување на училишната клима и односите во училиштето ќе ги изготви Тимот по изготвените извештаи.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Стручно усовршување

Во текот на учебната година стручното усовршување во училиштето ќе се одвива низ следните форми:

- Индивидуално стручно усовршување преку следење на стручна литература и списанија (Просветно дело, Просветен работник, Образовни рефлексии и Воспитни крстопати)
- Екстерно стручно усовршување преку учество на семинари, советувања во организација на Бирото за развој на образованието и др.институции
- Интерно стручно усовршување преку работата на стручните активи во училиштето.
- Стручно усовршување на наставник-приправник преку менторство со примена на Акционен план за менторство.

ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Секој наставник задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати. Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој .

Тимска работа и училишна клима

Подигнување на квалитетот на воспитно образовниот процес е можно само кога во него ќе се вклучат повеќе учесници здружени професионално и со користење на умешноста на секој од учесниците. Меѓусебната соработка и почитување игра важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Акцент се става на отворена комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста. Тимската работа меѓу наставниците и училишната клима ќе се подобрува преку одржување на состаноци на ниво на стручни активи, на кои ќе се пронаоѓаат ефективни решенија за детектираните проблеми. Наставниците на ниво на генерација и актив тимски ги изработуваат годишните и тематските планирања, тестовите за проверка на знаењата и разменуваат предлози и искуства се со цел за подобра и поефективна настава. Воедно во соработка со стручните соработници во училиштето ќе се работи на подобрување на ефективноста на секој наставник индивидуално но и на ниво на стручен актив преку одржување со редовни состаноци на стручните активи. Наставниците коишто стекнале вештини, знаења и информации за подобрување на наставниот процес и правилното функционирање на училиштето на различни обуки, семинари,

конференции и др. ќе ги споделат своите искуства со останатите наставници на ниво на стручен актив, работна група или/и наставнички совет. Раководната служба и стручните соработници ќе ги следат трендовите во наставата и работа со деца и за истите ќе ги информираат наставниците.

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалуација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

Континуираното образование, односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Потребата на нашето време, изразена во ставот постојано да се учи, односно да се учи во текот на целиот живот е од особена важност токму за наставничката професија. Тимот за професионален развој изготвува програма за професионален развој во тековната учебна година врз основа на потребите на наставниците. Исто така училиштето редовно ги упатува наставниците и стручните соработници да ги посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.

### 20.2. Активности за професионален развој

Следејќи ги законските потреби за задолжително стручно усовршување на наставниците во основното училиште пред почетокот на учебната година редовно се евидентираат потребите на наставниците за стекнување и унапредување на знаења и вештини со што ќе се унапреди и личната и професионалната надградба. Водејќи се од индивидуалните планови на наставниците за професионален развој, училиштето изготвува програма која овозможува и подржува активно учество на сите семинари и едукативни работилници.

Наставниците континуирано стручно се усовршуваат заради подобрување на стручните способности и давање на поквалитетни образовни услуги. Наставниот кадар добива можност да учествува на семинари и обуки организирани од страна на БРО и МОН, како и од акредитирани организации од МОН. Стручната служба во училиштето активно ќе работи на континуираниот професионален развој на наставниците преку обуки и предавања но и преку редовни консултации за подобрување на дневните, краткорочните, долгорочните планирања, како и останатата педагошка евиденција. На крај ќе се направи евалуација за да се утврдат приоритетите на професионалниот развој на наставниците за следната учебна година.

### 20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот се следи преку професионално досие и годишните извештаи за реализација на личниот план за професионален развој на наставникот и се развива преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО, како и од дисеминации организирани од училиштето.

Секој наставник е задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници , инспекторите од ДПИ,општинскиот просветен инспектор. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби, заради стекнување на нови искуства и сертификати. Секој наставник пред почетокот на секоја учебна година треба да има сопсвен план за професионален развој но поради немање на листа на провајдери(понудувачи) на вакви обуки и нивниот непостојан облик кој не е претходно најавен не ни може однапред да се планира па затоа истите се приморани тоа да го прават тековно преку целата година.

### 20.4. Хоризонтално учење

Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реализација на наставата се врши преку состаноци на ниво на стручни активи, работилници за сите наставници и отворени и нагледни часови. Воедно сите дисеминации од посетените обуки, семинари, конференции и сл. Допринесуваат во споделувањето на стекнатите знаења и вештини.

Главен акцент оваа година ќе се постави на размената на професионално искуство преку размена, разгледување на видео снимки на различни делови и аспекти кај учениците и делови од курикулум, особено интеграција на повеќе предмети. Кои делови ќе се разгледуваат и кои ќе се снимаат се определуваат со програмите на активите кои ќе станат дел од годишната програма.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во училиштето се подржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, затоа што тоа придонесува за развој и напредок на целото училиште. Процесот на кариерен развој на наставниците се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставник/стручен соработник ментор и наставник/стручен соработник советник.

Воспитно – образовниот кадар во училиштето е запознаен со:

- Основните професионални компетенции кои треба да ги посетува наставникот
- Професионалните стандарди за наставник/стручен соработник -ментор
- Професионалните стандарди за наставник/стручен соработник – советник

Тимот за професионалниот развој на наставниците ќе изготви план за подршка на воспитно-образовниот кадар за нивното кариерно напредување кој ќе биде во прилог на годишната програма.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

**Партиципацијата на родителите** во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето се остварува на две нивоа и тоа на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Совет на родители се одбира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родители се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца родители од советот на родители се бираат за членови на училишниот одбор. Советот на родители поради поефикасно организирање и работа донесува сопствена годишна програма. Преку Советот на родители ќе бидат вклучени повеќе активности од кои посебно внимание ќе им се посвети на следните:

- Ја следи воспитно – образовната работа во училиштето
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители,
- Грижа за здравјето на учениците и создавање на оптимални услови за престојот на учениците во училиштето
- Грижа за естетскиот изглед на училиштето
- Советот на родители избира тројца претставници во училишниот одбор
- Учествува во изготвување на правилници и врши други работи во интерес на успешноста на работата,

Во училиштето се организираат редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители. На родителските средби родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2025/2026 година се планирани најмалку четири родителски средби по две на полугодие.

Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организација на забави, работилници, предавања, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Стручните служби и наставниот кадар се отворени и спремни за соработка со родителите од било кое поле од заеднички интереси.

Распоредите за прием на родители ќе бидат во прилог на Годишната програма и покрај овие термини училиштето ќе организира отворен ден за родителите секој последен четврток во месецот.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонннаставните активности

Според програмата за работа на Советот на родители планирана е вклученост на родителите во секаков вид активности и давање поддршка на наставниците за работата со ученици со попреченост, надарените и талентираните ученици, за професионалната ориентација на учениците, во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали, како и учество во реализација на часовите.

Родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби оценки, над десет или повеќе неоправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување согласно законот се повикуваат на советување кое што го води психологот на училиштето.

Е дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителната, додатната настава и домашните задачи.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.Родителите имаат активо учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, „Проектот за меѓуетничка интаграција во образованието“. Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организација на разновидни средби, прослави, натпревари, работилници, предавања, забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Училиштето потикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и родителите преку ангажман во организација на училишните акции и проекти како на пример Подари книга, Подари садница, Велигденски хепенинг, Новогодишен хепенинг како и многу други.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Стручната служба во соработка со наставниот кадар спроведува едукативни средби за родителите/старателите, се изготвува програма за конкретни облици на соработка со родителите, со одговорни наставници и планираното време за нивна реализација. Се презентира и планот за начините на информирање на родителите/старателите (флаери, плакети, брошури и сл), со носители на активностите и потребните финансиски средства.

Психологот и понатамо ќе врши советувања на родителите според Програма за советување, советодавна работа со родителите (индивидуална и групна) ќе се одвива и од страна на стручната служба, одделенските раководители а по потреба и директорот на училиштето.

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето преку фејзбук и веб страната постојано ги презентира тековните активности од конкретните планови за комуникација и соработка со: другите основни училишта ( планирана е посета на основното училиште Вук Караџиќ Житковац општина Алексинац во Србија во рамки на меѓусебната соработка, со локалната заедница, институциите од областа на културата, институциите од областа на образованието, невладини организации, спортски друштва, здравствените организации, медиуми итн., со носители на активностите и временскиот период за реализација на плановите.

ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА- (ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, МЕСНО НАСЕЛЕНИЕ, БИЗНИС СЕКТОР)

Училиштето континуирано реализира успешна соработка со локалната самоуправа, бизнис заедницата и месното население преку индивидуални средби, пишана електронска комуникација, состаноци, дебатни трибини, посета на институции и бизнис компании во локалното опкружување, собири за одредени случувања на училиштето. Локалната заедница ќе се вклучи во промовирање на постигнатите резултати на училиштето од различен вид, промовирање на проектните активности, комуникацијата со медиумите и друго..

ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Во согласност со наставните програми на наставниците од одделенска настава и предметна настава, континуирано во текот на целата година ќе се реализираат посети и соработки со институциите од областа на културата, и за истите ќе доставува извештај. Училиштето традиционално активно учествува на објавени конкурси и натпревари: - литературни и ликовни конкурси и изложби, посета на културно - историски споменици, музеи, библиотека, театар, дом на култура, кино престави... Во насока на исполнување на поставените цели училиштето ќе соработува со: - Градската библиотека - Домот на култура - Друштвото на писатели - Природно - научен музеј - ЗОО - Музејот на револуционерната борба.

ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Училиштето во текот на годината ќе ги следи и постапува по сите упатства дадени од - МОН - БРО – ДИЦ - ДПИ - ЕЛС Сектор за образование. Учествува во сите организирани обуки, семинари, предавања, работилници кои се посочени од соодветните државни образовни институции. За подобрување на условите за работа на наставниците и учениците, училиштето ќе биде во постојана комуникација и со основачот на училиштето.

НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Соработката со невладиниот сектор е во континуитет години station наназад па така ќе продолжи и оваа учебна година. Меѓу нив се соработката со Црвениот Крст, Еколошко друштво Треска, Локал АКТ Македонски Брод,

СПОРТСКИ ДРУШТВА ...

Училиштето активно ќе соработува со следните спортски друштва: - Федерација на училишен спорт на Македонија - Спортски клуб при нашето училиште Активностите на планот на соработка со спортските друштва ќе се реализираат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.

ЗДРАВСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Една од најзначајните задачи во воспитно образовниот процес е грижата за здравјето на учениците. Во таа насока нашето училиште континуирано соработува со Центарот за јавно здравје - оддел училишна медицина и училишна стоматологија, Центарот за социјални грижи. Преку соработка со овие

институции перманентно, превентивно и континуирано ќе се заштитува здравјето на учениците.

За добра промоција на училиштето важен сегмент е соработката на институцијата со медиумите. Медиумот е врска со јавноста и јавното мислење.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Реализацијата на Годишната програма ќе ја следат: Училишниот одбор, Советот на родителите, Наставничкиот совет, државниот просветен инспекторат, општинскиот инспектор и одговорниот советник од Бирото за развој на образованието преку состаноци, посети и извештаи. Следењето на организацијата, реализацијата и ефикасноста на наставните и вонаставните активности, следењето на сите видови подготовка на наставата и вонаставните активности ќе бидат задачи на директорот на училиштето во соработка со стручните соработници, просветната инспекција и советниците од Бирото за развој на образованието и притоа ќе направат целосен увид во работата на училиштето и реализацијата на проектите. Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците во наставата ќе го вршат предметните наставници и наставниците од одделенска настава преку писмени работи, тестови, контролни работи, усно испитување, практична работа и т.н. Врз основа на следењето на резултатите од наставата и вонаставните активности од страна на директорот, советниците од Бирото за развој на образованието, државниот просветен инспекторат и стручните соработници ќе се изготват полугодишни и годишни извештаи, анализи и информации за изминатите тримесечија по разни основи.

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| 1.Организација и реализација на наставата и учењето | Во текот на учебната 2025/2026 година | Директор Пом.директор Стручни соработници | Раководна служба Стручна служба Наставници родители ученици |
| 2.Постигањата на учениците | Во текот на учебната 2025/2026 година | Наставник родител ученик стручни соработници | Наставници родители ученици стручни соработници |
| 3 Професионален развој на наставниците стручните соработници, воспитувачите и раководниот кадар | Во текот на учебната 2025/2026 година | Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи БРО ДПИ | Раководна служба стручни соработници Наставници Родители Ученици |
| 4 Управување и раководење со училиштето | Во текот на учебната 2025/2026 година | БРО ДПИ Училишен одбор Локална самоуправа Совет на родители | |
| 5 Комуникација и | Во текот на | Директор | Раководна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| односи со јавноста | учебната 2025/2026година | Пом.директор Стручни соработници одговорни наставници на стручни активи | Стручни соработници Наставници Родители Ученици |
| 6 Училшна клима и култура | Во текот на учебната 2025/2026година | Директор Пом.директор Стручни соработници одговорни наставници на стручни активи | Раководна служба Стручни соработници Наставници Родители Ученици |
| 7 Соработка на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница и невладиниот сектор | Во текот на учебната 2025/2026 година | Директор Пом.директор Стручни соработници одговорни наставници на стручни активи | Раководна служба Стручни соработници Наставници Родители Ученици |

## 24. Евалуација на годишата програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на годишната програма ќе се изведува два пати годишно во текот на учебната година, односно со завршувањето на првото полугодие од учебната2025/2026 година, во месец Јануари 2026 година и на крајот од учебната година најдоцна до 31 Август 2026 година.

Со цел да се увиди до кој степен и како се реализираат поставените цели од годишната програма во нашето училиште ќе се организираат тековно повеќе видови истражувања кои ќе имаат за цел давање на повратни информации. Во контекстс на тоа ќе бидат организирани разни видови на анонимни онлајн анкетни прашалници од затворен тип, работилници и стручни состаноци преку кои ќе се бара од сите релевантни фактори (вработени, родители, ученици) по пат на дебати, искажувања на свои мислења аргументирано да се вреднуваат критикуваат постигањата и реализацијата на поставените цели и задачи со годишната програма. Крајната цел на ова е подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето.

## 25. Заклучок

Годишната програма за работа на училиштето е изработена согласно новиот Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиштебр.08-3714/3 од 29.05.2024година.

Во изработката на програмата беа вклучени сите структури во училиштето со помош на планирањата на стручните активи, тимови, организации, стручни соработници, раководната и управувачката служба, административно-техничката служба, советот на родители и училишниот парламент и истата е структуирана од страна на комисијата за изработка на годишна програма. Прилагодувана е така да сите активности кои ќе се превземаат од страна на вработените делуваат позитивно и мотивирачки на ученикот. Секако важен сегмент ни се и

родителите, локалната заедница и преставниците од локалната самоуправа кои преку предвидените цели имаме намера да ги приближиме до нашето училиште и да ги мотивираме во нивно активно вклучување, а се со цел подобрување на воспитно - образовниот процес, условите за работа и на нашите ученици и на вработените. Со оглед на тоа дека се прави на почеток на учебната година а воспитно - образовниот процес е променлив и движечки процес не е исклучено дека оваа годишна програма може да претрпи одредени измени и надополнувања во текот на годината.

**26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

1. Тони Ставрески – директор
2. Светлана Танеска – пом. директор
3. Сузана Тренгоска – психолог
4. Кристина Симјаноска – спец. Едукатор и рехабилитатор
5. Николина К Дејаноска – одд.наставник
6. Александар Станкоски – одд.наставник
7. Рената Т Кузманоска – одд.наставник
7. Христина Трпческа – предметен наставник
8. Мирјана Јандриеска – предметен наставник
9. Сара Радевска – предметен наставник
10. Марин Ѓурчиноски – претставник на ученички парламент
11. Сара Стојкоска - претставник на ученички парламент

**27. Користена литература**

**1.** Закон за основно образование ( Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019)
2. Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основните ушилишта бр. 08-3714/3 од 29.05.2024година
3.Развојна програма за ООУ„Св.Климент Охридски“ Мак.Брод 2024 -2028година
4. Самоевалуација на ООУ„Св.Климент Охридски“ Мак.Брод 2022-2024година
5. Статут на ООУ„Св.Климент Охридски“ Мак.Брод
6. Годишна програма за работа на ООУ„Св.Климент Охридски“ Мак.Брод за учебната 2024/2025година
7. Годишен извештај за реализација на годишната програма за работа на ООУ„Св.Климент Охридски“ Мак.Брод за учебната 2024/2025 година
8. Конечен извештај од извршената интегрална евалуација на училиштето од 10 до 13.03.2024г
9. Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта ( Сл.Весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година)
10. Закон за работни односи
11.Закон за јавни набавки
12. Национална програма за развој на образованието на РМ
13. Наставник од почетник до ментор – Водич за професионален и кариерен развој – МЦГО 2016
14. Стручен соработник од почетник до ментор- Водич за професионален и кариерен развој – МЦГО 2016
15. Закон за организација и работа на органите на државна управа.

| | | |
|---|---|---|
| **14 Август 2025година** | **Директор** | **Претседател на Училиштен одбор** |
| **Македонски Брод** | **Тони Ставрески** | **Горан Иваноски** |
| | ____________________ | ____________________ |

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

-Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори, тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Распоред на часови
-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
-Програми за воннаставни активности
-Програма за додатна настава
-Програма за дополнителна настава
-Програми за вонучилишни активности
- Програма за реализација на ученички натпревари
-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција
- Проекти што се реализираат во основното училиште
-План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
-План за професионална ориентација на учениците
-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација
-План за следење и анализа на состојбите со оценувањето
-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
-Програма за самоевалуација на училиштето
-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Распоред на дежурни наставници
- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)
-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
-Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите
-Програма за соработка со локална средина и локална заедница
-Програма за грижа за здравјето на учениците
-Програма за јавна и културна дејност на училиштето
-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште